# ИЗВЕШТАЈ ПО ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ЗА 2022 ГОДИНА

## ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА

Охрид, ноември 2022

**Содржина**


1. Содржина....i

Вовед....1

**Одделение за заштита на природата**....2

Мониторинг на биолошката разновидност во Национален парк Галичица....2

Живеалиште на Југозападни мезиски Елово-букови шуми (ass. *Abieti – Fagetum* Em 1985)..2

Живеалиште на Пеониски шуми со Фоја (*Endemic forests with Juniperus spp.; EU 92/43)....2

Живеалиште со Евла (ass. *Alnus glutinosa*)....3

Маерова непета (*Nepeta ernesti-mayeri*)....3

Томоросов различник (*Centaurea tomorosii*)....4

Барска ангелика (*Angelica paliustris*)....4

Западно-балкански карстен пожав (*Helix secernenda-schlaeflii*)....5

Аполонова пеперутка (*Parnassius apollo*)....5

*Rosalia alpina, Morimus funereus, Lucanus cervus, Cerambyx cerdo, Euphydryas aurinia, Lycaena dispar*....6

Македонски мрморец (*Triturus macedonicus*)....6

Голем корморан (*Phalacrocorax carbo*)....7

Голем северен потопник (*Mergus merganser*)....7

Ноќна ластовица – (*Caprimulgus europaeus*)....7

Таксономска листа на птици на островот “Голем Град”....**8**

Лилјаци (Chiroptera)....11

Инцидентно забележување на растителни и животински видови....11

Цензус на зимски птици....12

Останати активности на мониторинг....**12**

Следење на популацијата на срна како главен плен на балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*)....12

Цензус на пеликани на Преспанско Езеро....13

Поставени првите GPS предаватели на *Alectoris graeca*....13

Учество на работилници и обуки....14

Активно управување со високопланинските пасишта....14

Реализација на специфични обуки....**15**

Изработка на Посебен План за управување со комплекост Св.Наум....17

Истражување во областа на МЕТТ оценувањето на заштитените подрачја низ Македонија....21

Научно-истражувачка дејност ............ 21
**Одделение за алтернативни активности и еколошка едукација** ............ 21
ПОСЕТА НА ПАРКОТ ............ 22
ИЗВОРИ СВЕТИ НАУМ ............ 22
ПРОШЕТКИ СО АТВ ............ 23
ПРОШЕТКИ СО ЏИПОВИ ............ 24
ПАРАГЛАЈДИНГ ............ 24
Посети ............ 25
ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ ............ 25
ПЛАНИНАРЕЊЕ ............ 25
ВЕЛОСИПЕДИЗАМ ............ 26
ВОДИЧИ / КОНТРОЛИРАНО ДВИЖЕЊЕ / ПОСЕТИ НА ПАРКОТ ............ 26
Ултра маратон OHRID TRAIL 2022 ............ 28
АНАЛИЗА ЗА ПОСЕТИТЕ ............ 29
КОНТРОЛНО НАПЛАТНИ ВЛЕЗНИ ТОЧКИ ............ 30
ГОЛЕМ ГРАД ............ 30
СНИМАЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ФИЛМОВИ / РЕКЛАМИ ............ 30
ИНФРАСТРУКТУРА ............ 30
Подготовка на проектна апликација за Одделение и спроведување на Проект ............ **31**
Екосистемски услуги ............ **33**
Подготовка на Тарифник ............ **33**
Активности за еколошка едукација спроведени во текот на 2022 година ............ 33
**Одделение за оддржливо користење на природните ресурси** ............ 41
Сеча во сопствена режија ............ 41
Маркирање во имот во приватна сопственост ............ 42
Заштита ............ 42
Бесправна сеча ............ 42
Узурпација-бесправна градба ............ 43
**Одделение за правни, економски и општи работи** ............ 43
Подготовка на План за одржување ............ 55
Информации од Јавен карактер ............ 55
ЛЕАП ............ 55

# Вовед

Поучени од искуството од претходната година, во изработката на годишната програма за 2022 година беа предвидени само неопходни трошоци за непречено функционирање на ЈУНПГ. И покрај намаленото влијание и ограничување на движењето предизвикано од пандемијата со КОВИД 19, ВО 2022 година најголем проблем претставуваше појавата на инфлација на национално и светско ниво, што придонесе до пораст на цените и трошоците на ЈУНПГ.

Реализацијата на Годишната програма за 2022 година, се одвиваше во следниве околности:

- Опстојување на одлуката за престанок на дирекно користење на природните ресурси (сеча и продажба на огревно дрво);
- Спроведување само на основните и нај неопходните активности (непосредна заштита, наплата на влезници за посетители и собирање на податоци за биолошката разновидност);
- Подигнување на персоналниот капацитет за ефикасна заштита и еколошка едукација со сопствени средства и минимални инвестиции;
- Спроведување на политика на штедење во секојдневното работење заради подобрување на финансискиот перформанс; и
- Зголемен ангажман на создавање на партнерства со различни организации и спроведување на активности кои се во согласност со целите на ЈУНПГ, вметнати во ПУ со НП Галичица 2021-2030

Четврта година по ред, вработените и ангажираните на неопределено време во ЈУНПГ се обврзани да пополнуваат месечни извештаи (timesheets). На почеток на 2021 година беа определени неколку лица, кои требаше да ги пополнуваат месечните извештаи за сите вработени. Дисциплината на пополнување од страна на дел од вработените е на ниско ниво, со закаснување од неколку месеци. Таквиот начин на пополнување ја доведува под знак прашалник точноста на пополнетите месечни извештаи, како и го отежнува процесот на планирање.

Од голема помош за ЈУНПГ беше донираната храна од 800 бали сено, наменета за зимска прихрана на елените во Репродуктивниот центар за елени. Три години откако е извршена реинтродукција на елени, во 2022 година за прв пат има потреба од ослободување на единки, за таа цел беше оградена и дополнителна површина, по претходен совет од стручни лица. Во центарот на Охрид, ЈУНПГ доби уште една инфо-точка, каде што дополнително се врши промоција на можностите и активностите во НП Галичица. За истата потреба беше ангажирано уште едно лице.

Согласно ваквите околности, спроведувањето на Годишната програма за заштита на природата за 2022 година, можеме да го оцениме како успешно. Во продолжение следат извештаите за реализација на Годишната програма по одделенија.

## Одделение за заштита на природата

Во текот на 2022 година Одделението за заштита на природата при ЈУНПГ ги реализираше следниве активности:

### Мониторинг на биолошката разновидност во Национален парк Галичица

Согласно Годишната Програма за заштита на природа за 2022 година, беа предвидени следните активности за мониторинг на растителни, животински видови и живеалишта: Шибјаци од модра смрека, Маерова непета, Томоросов различник, Охридски чај, Западно-балкански карстен полжав, Македонски мрморец, Аполонова пеперутка, Голем корморан, Голем северен потопник, Ноќна ластовица, Лилјаци, Инцидентно забележување на растителни и животински видови и Зимски цензус на птици.
Користејќи се со знаењата и искуството од спроведувањето на Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во НПГ, во 2022 се продолжи со нејзино спроведување. Единствено живеалиштето од модра смрека не беше предмет на мониторинг поради тоа што предвидено е да се прави во временски интервал од 5 години, а во Годишната програма беше предвидено инцидентно да се реализира и доколку има капацитет за тоа. Од друга страна, беше воспоставена нова пробна површина за мониторинг на приоритетното живеалиште со Дива фоја на островот Голем Град, а исто така беше и извршен мониторинг на живеалиштето Југозападни мезиски Елово-букови шуми на Стара Галичица.
Во текот на годината, а според Стандардните опреративни процедури (СОП), за секој вид е определен соодветен период кога дадениот вид се мониторира и според тоа соодветно беа реализирани предвидените мониторинг активности.
Во продолжение дадени се резултатите за секој од мониторингот на следниве видови:

#### Живеалиште на Југозападни мезиски Елово-букови шуми (ass. *Abieti – Fagetum* Em 1985)

Површината за вегетациско снимање се наоѓа во репрезентативна состоина од живеалиштето Југозападни мезиски елово-букови шуми (ass. *Abieti – Fagetum* Em 1985) со површина од 100 $м^2$, на Стара Галичица. Локалитетот се наоѓа во долот Пропас, лево од патролната патека на 100 до 150 м од куќата Спиридон. Снимката е надморска височина од 1643 м, на падина со северо-западна експозиција (NW) со наклон на теренот од 45$^o$ и врз карбонатна геолошка подлога ($CaCO_3$). Географските координати на аглите на снимката се: (1) 40.94996° N; 20.83069° E; (2) 40.95044 ° N; 20.83061° E; (3) 40.9500° N; 20.83069° E; и (4) 40.95003° N; 20.83056° E. Видовиот состав на фитоценолошката снимка е внесен во посебен образец и зачуван во базата на податоци.

#### Живеалиште на Пеониски шуми со Фоја (*Endemic forests with Juniperus spp.; EU 92/43)

Како дел од обуките за биологија и екологија за видови и живеалишта, овој тип на приоритетно живеалиште беше предмет на обработка. На 26 Април 2022 на островот Голем Град беше одржан практичниот дел од оваа обука. Притоа беше воспоставена пробна површина од 10x10 метри и изработена фитоценолошка снимка во која беа евидентирани сите придружни растителни видови. Од пробната површина трајно се обележани аглите (4 точки) од кои сеземени и координати и внесени во базата на податоци. Оваа активност во иднина планирано е да се мониторира и со помош на дрон.

## Живеалиште со Евла (ass. Alnus glutinosa)

Во текот на истражувањата кои беа дел од обуките за биологија и екологија на видови и живеалишта, при спроведувањето на теренските активности за видот Барска ангелика одржани на 30.09, од страна на професорот Владо Матевски беше направена и фитоценолошка снимка на живеалиштето со Евла (ass. Alnus glutinosa). Претходно заради потребите на Посебниот План за управување со локалитетот Св.Наум беше извршено дронско снимање на ова живеалиште, а дополнително со добиената фитоценолошка снимка ќе се следи состојбата во текот на времето.

## Маерова непета (*Nepeta ernesti-mayeri*)

Мониторинг активноста за следење на популацијата на видот Маерова непета *Nepeta ernesti-mayeri* и оваа година беше реализирана, иако според најновите информации од проф. Матевски овој вид не е прифатен во номенклатурата и се однесува како синоним на видот *Nepeta argolica*. Сепак трите локалитети за мониторинг на овој вид кои се предложени во Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во НПГ беа посетени, но како и претходните години, за жал на локалитетот Баба не се забележани единки од овој вид. На локалитетот Корита одејќи од север кон југ (лева страна од патот) во првото долче има еден бусен со 6 расцветани. Во третото долче евидентирани се 1 бусенче со 2 расцветани и 7 стерилни, 1 расцветан изданок, 1 бусен со 8 расцветани и 2 стерилни.

На дол Трпејца, евидентирани се 6 бусени. 1 бусен со 1 цвет и 5 стерилни, 1 бусен со 12 расветани и 9 нерасцветани, 1 бусен со 4 расцветани и 6 стерилни, 1 бусен со 13 расцветани и 7 стерилни, 1 бусен со 5 расцветани и 14 стерилни и 1 бусен со 7 расцветани и 10 стерилни.



Томоросов различник (*Centaurea tomorosii*)

Оваа теренска активност беше реализирана од страна на тимот на ЈУНПГ, а дополнително бевме придружувани од страна на двајца волонтери од Ирска, кои тој период волонтираа во Македонското Еколошко Друштво (локална канцеларија Ресен). На двата трансекти на локалитетот Два Јавори беа изброени вкупно 184 бусени, додека на Томорос на трите трансекти беа изброени вкупно 225 бусени од видот *Centaurea tomorosii*. Оваа година изданоците беа во полн цвет, со исключок на некои кои сеуште не беа расцветани. Контролните точки (камења) кои служат за ориентација на трансектната линија беа обележани со сина боја.




Барска ангелика (*Angelica paliustris*)

Во рамки на предвидените обуки за биологија и екологија на ретки видови во Националниот парк Галичица, на ден 19.05 и 30.09 2022 година беше извршена теренска активност на локалитетот Св.Наум. Овие теренски посети беа со цел да се одредат локалитетите каде што е распространет видот Барска ангелика (*Angelica palustris*). Овој вид во Македонија единствено се наоѓа на овој локалитет, итоа на многу изолирани и фрагментирани површини. Преферира да расте на влажни и засенчени места, на глинеста или песоклива почва во близина на брегот на езерцето кое го формираат изворите на Црн Дрим. На одредени места каде што е распространет овој вид има директен контакт со хортикултурните површини кои се одржуваат со косење, а тоа претставува директна закана за видот.

Според теренските истражувања беа пребороени околу 130 фертилни индивидуи на 4 локации каде што се среќава Барската ангелика со следните координати:

1. N 40.913933; E 20.741630
2. N 40.913076; E 20.741659
3. N 40.90984;   E 20.74769
4. N 40.910404; E 20.748137

Од страна на проф. д-р Владо Матевски, беше констатирано дека пожелно е во текот на вегетацискиот период да се направи повторна посета на локалитетот, со дополнителна обиколка на езерцето со чамец, за да може подобро да се разгледаат одредени места кои беа недостапни од копно. Исто така потребно е да се определат мерки за заштита на овој вид, а во најскоро време да се информираат локалните лица за важноста на овој вид и да се спречат активности како што е косењето на тревата кое директно му штети на популацијата.

## Западно-балкански карстен пожав (*Helix secernenda-schlaeflii*)

На мониторинг активноста на пребројување на Западно балканскиот карстен полжав, беа посетени претходно определените локалитети (врвовите северо-источно од врвот Лако сигној) каде се наоѓаат бункерите кои се остатоци од фронтот во Прва светска војна. Определени се вкупно 3 локации итоа:

Прва локација каде се наоѓаат бункерите 1,2,3 со координати: N 40.97678, E 20.83944

Втора локација каде се наоѓаат бункерите 1.1, 1.2, 4 со координати: N 40. 97823, E 20.83970

Трета локација каде се наоѓа кретка трансектна линија број 5 со координати:

N 40.97826, E 20.83735

Оваа активност беше реализирана на 12.09.2022. При броењето не беа забележани многу единки од овој вид, само 3 јувенилни, 3 адултни и 13 празни черупки, но најверојатно слабата активност се должи на доцниот период.

## Аполонова пеперутка (*Parnassius apollo*)

Мониторингот на Аполоновата пеперутка според Програмата, опфаќа следење на две фази (ларва и возрасна) од холометаболниот  развој на овој вид. Имено во текот на пролетниот период мај – јуни предвидено е да се врши мониторинг на ларвен стадиум, додека возрасните единки се мониторираат во летниот период јули – август. Поради недостатокот на персонален капацитет во пролетниот период, мониторинг активноста за пребројување на ларвен стадиум изостана. Во однос на пребројување на адултна форма од Аполоновата пепрутка, активноста беше успешно реализирана. Имено, со стекнато искуство од претходните години во врска со активноста на единките, при мониторингот извршен на 26 Јули 2022 година беше евидентирана оптимална активност. Според Програмата, овој вид се мониторира на локалитетот над Репродуктивниот цетар за Европски елен, на горната граница од буковата шума.  Резултатите од оваа активност се внесени во соодветен образец, а изброени беа вкупно 39  адултни единка. Исто така направени се фотографии кои се зачувани во базата на податоци при ЈУНП Галичица, а дел од нив беа и објавени на веб страната и социјалните медиуми.



*Rosalia alpina, Morimus funereus, Lucanus cervus, Cerambyx cerdo, Euphydryas aurinia, Lycaena dispar*

На ден 20 и 21.07 2022 година беше одржана реализација на обуката за Lepidoptera и сапроксилна фауна, која е дел од специфични тренинзи за биологија и екологија на видови и СДФ форма“ на ЈУНПГ, составен дел на Годишната програма за заштита на природата за 2022 година. Во текот на првиот ден беше одржана презентација од страна на експерт ентомолог проф. д-р Владимир Крпач, кој ги презентираше карактеристиките и биолошките и еколошки одлики на видовите (*Rosalia alpina – Алпска стрижибуба, Morimus funereus – Буков сечко, Lucanus cervus - Еленче, Cerambyx cerdo – Дабова стрижибуба, Euphydryas aurinia – Мочуришен шаренец, Lycaena dispar – Голем бакарец).*

Вториот ден беше извршена теренска посета на поважни локалитети за пеперутки каде беа дополнително објаснети карактеристиките на овие видови, а одредени видови беа и заловувани со ентомолошка мрежа. Посетени беа следните локалитети: Глајшо (Св.Спас), Корита, Липова ливада (околу куќа Спиридон) и врвот Томорос. Дел од овие видови планирано е да продолжат да се мониторираат и да се следи нивниот популациски тренд во Националниот парк Галичица.

Македонски мрморец (*Triturus macedonicus*)

Според Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во Нациналниот парк Галичица, мониторингот на овој вид се врши на локалитетот Симонческа локва. За време на мониторингот на Македонскиот мрморец на 14.06.2022 во Симонческа локва во НП Галичица, со помош на акватични стапици беа заловени 69 возрасни единки. Според стандардната методологија, беше забележан полот на секоја единка, беа земени основни мерки (должина на опашка и на тело и телесна маса) и беше фотографирана шемата на вентралниот дел на телото со цел идентификација на единки во рамките на capture-mark-recapture (CMR) методологијата. Методологијата опфаќа компаративна анализа на фотографиите, но поради големиот број фотографии направени во претходните години, потребно е да е употреби софтвер за споредба на податоците. Оваа активност се реализира во соработка со Македонското еколошко друштво, а за

софтверот за обработка на фотографиите потребно е да се одржи кратка обука исто така во соработка со МЕД за да може дополнително да се проанализираат добиените резултати.

### Голем корморан (*Phalacrocorax carbo*)

Теренските активности за пребројување на Големиот корморан според Програмата за долгорочен мониторинг на билошката разновидност во Националниот парк Галичица се одвиваат на островот Голем град кој се наоѓа во зоната со режим на строга заштита. Поради комплексноста на теренот и специфичноста на Протоколот за пребројување на гнездовата колонија на Голем корморан, вклучувајќи ги и условите кои владеат на островот, потребно е обезбедување поголем тим на обучени лица кои ќе го вршат мониторингот. Оваа активност се реализира на 24 Јуни 2022, а во работниот тим покрај вработените во ЈУНПГ се приклучија и експертите од Society for the Protection of Prespa - Грција, Гјоргос Катцедоракис и Олга Александру, како и претставници од Македонското еколошко друштво, Данка Узунова и Дени Ангелов. Беа евидентирани вкупно 549 стебла на кои беа изградени вкупно 899 гнезда. Од нив, 781 беа активни гнезда каде беа забележани јувенилни единки. За разлика од 2020 година оваа година забележително е намалена популацијата од овој вид, односно намален е бројот на гнезда. Треба да имаме предвид дека зимата 2022 година, вирееше Птичји грип кој значително ја засегна популацијата на Кадроглав пеликан, а секако дека постои можност и останатите претставници на авифауната да биле засегнати. Покрај тоа, за прв пат оваа година, беше извршено и дронско снимање на гнездовата колонија на Голем корморан на островот Голем Град, кое претходеше на овој терен, но потребно е време да се обработат материјалите и да се изврши компарација со овие резултати од терен, со што ќе се заклучи дали новата методологија ќе биде соодветна и применлива.

### Голем северен потопник (*Mergus merganser*)

Една од ретките популации од овој вид која претставува глацијален реликт (од леденото доба) е Охридско-Преспанската популација која се задржува во текот на целата година. Оваа популација е релативно мала (10-20 парови) и истата има потреба од строга заштита, затоа што е под закана од исчезнување. Поради тоа и оваа година извршивме мониторинг активност за пребројување на единките. Во месец мај, два дена последователно 16 и 17$^{ти}$, се извршија мерењата на Охридско и Преспанско Езеро по методот на линиски трансект со чамец. Забележаните податоци како што се број на единки, возрасна структура, пол, млади единки како и мерења поврзани со абиотичките фактори се внесени во соодветен образец. Според тоа евидентирани се следните резултати: Охридско Езеро: вкупно 103 едники од кои 36 женки и 67 мажјаци. Преспанско Езеро: вкупно 14 единки од кои, 10 женка и 4 мажјаци.

### Ноќна ластовица – (*Caprimulgus europaeus*)

Ноќната ластовица е од „Европско значење„ и NATURA 2000 вид, и обврска е да биде предмет на долгорочен мониторинг. Уште повеќе, што резултатите од досегашните мониторинг активности спроведени на територијата на НП Галичица, покажуваат значително поголема густина на популацијата, во однос на Европскиот просек. Тоа укажува на фактот дека Галичица, поседува исклучително благопријатни услови, односно оптимално сочувани природни живеалишта за успешен развој на овој вид.

На мониторинг активноста (30.06) која беше спроведена во рамки на обуката за биологија и екологија на видови, во случајот за видот ноќна ластовица, реализиран беше мониторинг на трансектната линија која е поставена со почеток од локалитетот Шарбојца, се до Дофа (Црвена локва) и трансектот Поник – Велестово. Долж првиот трансект беа евидентирани 17 единки од видот *Caprimulgus europaeus*, додека на вториот трансект не се огласи и не беше евидентирана

ниту една единка. Експертот Емил Лисичанец даде коментар дека првиот трансект е далеку посоодветен во однос на вториот и дека можеби потребно е да се ревидира, односно првиот трасект да се продолжи и да биде од Два Јавори до Дофа и тоа да биде линеарниот трансект на кој ќе се следи овој вид. Во текот на движењето повремено од звучник се пушташе огласувањето од овој вид како би се стимулирале територијалните единки да дадат повратно огласување. Оваа активност беше реализирана на 30.06.2022 година.

### Таксономска листа на птици на островот “Голем Град”

Во средината на месец Мај 2022 година беше извршено еднодневно истражување на фауната на птици на територијата на островот Голем град од страна на биолози од националниот парк Галичица (Климент Нанев, Деан Димиџиевски и Ангела Тасеска) и орнитолог од Аквила (Емануел Лисичанец). Цел на истражувањето беше да се утврдат видовите на птици и колку што е можно, состојбата на нивните популации.  Во оваа прилика ќе биде презентирана таксономска листа на птици регистрирани како резултат на истражувањата во рамките на островот Голем град. Валоризацијата на птиците е извршена во согласност со ЕУ Директивата за птици (Директива 2009/147/ЕС), Бернската Конвенција, IUCN Црвена листа на видови под закана на глобално ниво, IUCN црвена листа на видови под закана во Европа.

Во Табела 1 прикажани се резултатите од еднодневниот цензус на птици.

Табела 1:  Таксономска листа на птици на островот Голем град

| Taxonomy | IUCN Red List Category | IUCN Red List Category (EU 27) | Birds Directive Annexes | Bern Convention Appendices |
|---|---|---|---|---|
| **Anatidae** | | | | |
| *Mergus merganser* | LC | LC | IIB | III |
| *Aythya ferina* | VU | VU | IIA; IIIB | III |
| *Anas platyrhynchos* | LC | LC | IIA; IIIA | III |
| *Anas crecca* | LC | LC | IIA; IIIB | III |
| **Podicipedidae** | | | | |
| *Tachybaptus ruficollis* | LC | LC | | II |
| *Podiceps cristatus* | LC | LC | | III |
| *Podiceps nigricollis* | LC | LC | | II*; III** |
| **Apodidae** | | | | |
| *Tachymarptis melba* | LC | LC | | II |
| *Apus apus* | LC | LC | | III |
| **Rallidae** | | | | |
| *Fulica atra* | NT | LC | IIA; IIIB | III |
| **Ardeidae** | | | | |
| *Ardea cinerea* | LC | LC | | III |
| *Ardea alba* | LC | LC | I | II |
| **Pelecanidae** | | | | |
| *Pelecanus crispus* | LC | LC | I | II |
| *Pelecanus onocrotalus* | LC | LC | I | II |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Phalacrocoracidae** | | | | |
| *Microcarbo pygmaeus* | LC | LC | I | II |
| *Phalacrocorax carbo* | LC | LC | | III |
| **Laridae** | | | | |
| *Larus ridibundus* | LC | LC | IIB | III |
| *Larus canus* | LC | LC | IIB | III |
| *Larus michahellis* | LC | LC | | III |
| *Sterna hirundo* | LC | LC | I | II |
| **Strigidae** | | | | |
| *Athene noctua* | LC | LC | | II |
| *Bubo bubo* | LC | LC | I | II |
| **Accipitridae** | | | | |
| *Accipiter nisus* | LC | LC | I | III |
| **Alcedinidae** | | | | |
| *Alcedo atthis* | LC | LC | I | II |
| **Falconidae** | | | | |
| *Falco eleonorae* | LC | LC | I | II |
| *Falco subbuteo* | LC | LC | | II |
| **Oriolidae** | | | | |
| *Oriolus oriolus* | LC | LC | | II |
| **Corvidae** | | | | |
| *Corvus monedula* | LC | LC | IIB | |
| **Paridae** | | | | |
| *Parus major* | LC | LC | | II |
| **Hirundinidae** | | | | |
| *Riparia riparia* | LC | LC | | II |
| *Hirundo rustica* | LC | LC | | II |
| *Delichon urbicum* | LC | LC | | II |
| **Sylviidae** | | | | |
| *Cettia cetti* | LC | LC | | II |
| *Phylloscopus collybita* | LC | LC | | II |
| *Sylvia atricapilla* | LC | LC | | II |
| *Sylvia communis* | LC | LC | | II |
| **Troglodytidae** | | | | |
| *Troglodytes troglodytes* | LC | LC | I | II |
| **Sturnidae** | | | | |
| *Sturnus vulgaris* | LC | LC | IIB | |
| **Turdidae** | | | | |
| *Turdus merula* | LC | LC | IIB | III |
| *Turdus viscivorus* | LC | LC | IIB | III |
| **Muscicapidae** | | | | |
| *Erithacus rubecula* | LC | LC | | II |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Luscinia megarhynchos* | LC | LC | | II |
| *Phoenicurus ochruros* | LC | LC | | II |
| *Muscicapa striata* | LC | LC | | II |
| **Passeridae** | | | | |
| *Passer domesticus* | LC | LC | | |
| **Prunellidae** | | | | |
| *Prunella modularis* | LC | LC | | II |
| **Motacillidae** | | | | |
| *Motacilla alba* | LC | LC | | II |
| *Motacilla cinerea* | LC | LC | | II |
| **Fringillidae** | | | | |
| *Fringilla coelebs* | LC | LC | I | III |
| *Serinus serinus* | LC | LC | | II |
| *Carduelis chloris* | LC | LC | | II |
| *Carduelis carduelis* | LC | LC | | II |
| *Carduelis cannabina* | LC | LC | | III |
| **Emberizidae** | | | | |
| *Miliaria calandra* | LC | LC | | III |
| *Emberiza cirlus* | LC | LC | | II |

Вкупно беа детерминирани педесет и пет видови на птици кои припаѓаат во дваесет и шест различни таксономски групи што сведочи за богатството на биодиверзитетот на птици на толку мало пространство какво што е островот голем град. Бројноста на популациите е пак сосема спротивна на бројноста на видовите. Најголем дел од птиците се со многу мали популации па дури и само по неколку единки. Најголеми се популацијата на обична и голема пиштарка (Apus apus I Tachymarptis melba) како и големиот корморан (Phalacrocorax carbo) кои се со бројност од десетици илјади додека одредени видови, особено грабливи птици како големиот був (Bubo bubo) се среќаваат само по една до две двојки. Според црвената листа на ИУЦН два вида се со повисок степен на заштита. Тоа се Кожуварот (Aythya ferina) кој е категоризиран како ранлив вид и Лиската (Fulica atra) која е категоризирана како скоро загрозен вид. Единаесет видови од листата се на Annex I од Директивата за птици. Директивата за Птици ги обврзуваат Земјите Членки на Европската Унија да превземат низа мерки во функција на заштита на сите наведени животински и растителни видови, како и нивните природни живеалишта.

Обврзувачките мерки според Директивата за Птици вклучуваат превземање на активности за определување на Подрачја за Посебна Заштита (Special Protection Areas-SPAs), на територии кои се најпогодни за видовите кои имаат потреба од посебна заштита на нивните природни живеалишта, односно видови наведени во Annex I.

Сепак оваа листа не треба да се земе како дефинитивна, имајќи го во предвид фактот дека за целосно заокружување на орнитофауната на едно одредено подрачје, потребни се подолготрајни истражувања.

## Лилјаци (Chiroptera)

Методите за набљудување и мониторинг на лилјаците во НПГ кои се предложени изработени се врз основа на препораките дадени во Водичот за набљудување и Мониторинг на Европските Лилјаци, подготвен од страна на EUROBATS, 2010. Пооделните методи за набљудување се разработени врз основа на карактеристиките на биологијата кај различните видови, локалните услови и сезонските активности. Како дел од Програмата за долгорочен мониторинг на биолошката разновидност во Национален парк Галичица, а воедно и дел од обуките за биологија и екологија на

видови, во април 2022 година беше реализирана активност за пребројување на лилјаци во Бимбилова пештера и Лескоечка пештера. Исто така, во истражувањата на оваа група животни се бројува и посетата на пештерите: Наумова, Крстова, Црна пешт, како и две подкапини над село Пештани кои беа реализирани на 17 Март, 2022.

Иако овие живеалишта (пештери) не се дел од Програмата за долгорочен мониторинг, добиените резултати се од голема важност за билошката разновоидност во НП Галичица. За прв пат оваа



Слика *Rhinolophus hipposideros* во Наумова Пештера

година, покрај стандардните оперативни процедури за обсервација на лилјаци фаза на хибернација и мајчински колонии во пештера, се отпочна и со монитиоринг на лилјаци по методологија на ехолокација/снимање долж линиски трансект со помош на уред  Batlogger M. и обработка на податоците со помош на софтвер Elecon AG, верзија BatExplorer 2.1. Имено, беа опфатени два трансекти итоа: околу изворите Св.Наум и долж патниот правец Дервен-Царина. Податоците се внесени во базата на податоци при ЈУНПГ.

## Инцидентно забележување на растителни и животински видови

Покрај извршувањето на мониторингот на селектирани видови растенија и животни за кои се изработени прецизни протоколи, секоја година Националниот парк Галичица собира и други информации од инцидентни забележувања кои се случуваат за време на остварување на други активности. Ваквите информации се внесуваат во посебно изработени обрасци за инцидентно забележување и тоа: (1) значајни видови цицачи (Образец бр. 20); (2) значајни видови птици

(Образец бр. 21); (3) значајни видови васкуларни растенија (Образец бр. 22); (4) значајни видови без'рбетници (Образец бр. 23) и (5) значајни видови водоземци и влечуги (Образец бр. 24). Многу важно е да се напомене дека после долг период во Националниот парк Галичица забележан е рисот, за кој се претпоставуваше дека не е присутен во паркот од причини што не бил забележан подолго време. Во текот на месец Јуни беа забележани видови од групата на цицачите како што се: Кафеавата мечка, дивиот зајак, црвената лисица, срната, но исто така и информации добиени од поставените фото замки. Од птиците како поважен вид може да се истакне забележувањето на јато од видот Жолтоклуна галка, Голем северен потопник, Буков (шумски) свиркач и Птицата Лешникарка. Од групата влечуги евидентирана е *Vipera ammodytes*, а од водоземците *Triturus macedonicus*. Покрај нив многу важно е да се напомене забележувањето на присуството на бројна популација од видот жолт мукач *Bombina variegata* кој од следната година треба да се вклучи во Програмата за долгорочен мониторинг, активност која е предвидена согласно ПУ со НПГ. Исто така од растителните видови внесени во образецот за инцидентно забележување се следните: *Acantholimon androsaceum, Acer heldreichii, Berberis vulgaris, Helichrysum zivojinii, Laserpitium ohridanum, Edrianthus horvatii, Astragalus mayeri, Lilium chalcedonicum, Festuca galicicae, Jurinea micevskii* и други.

### Цензус на зимски птици

Оваа активност во Македонија ја реализира Македонското еколошко друштво. ЈУНПГ активно учествува во активноста на броење на птиците во Охридското и Преспанското Езеро во деловите кои се граничат со НПГ. Податоците кои се добиваат од зимскиот цензус се значајни за следењето на популациите на водните птици. Покрај тоа, спроведувањето на оваа активност е значајно и за одржување на повисоко ниво на соработка со невладините организации. Во 2022 година на 15 и 16 Јануари, претставници од ЈУНПГ активно беа вклучени во пребројувањето на зимскиот цензус на птици IWC, при што на Охридско Езеро беа изброени вкупно 20436, додека на Преспанско Езеро 7685 птици.

### Останати активности на мониторинг

Во текот на 2022 година реализирани се и одредени активности кои не беа дел од годишната програма за заштита на природата, а кореспондираат со активности поврзани со мониторинг на биолошката разновидност во паркот, нотирање на морфометриски податоци за дадени видови или пак одредени обуки со кои се стекнал стручниот персонал при ЈУНП Галичица.

#### Следење на популацијата на срна како главен плен на балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*)

Како резултат на ново добиените информациии со помош на фото замките кои се поставени во паркот, со кои се потврди присутноста на балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*) како исклучително значаен вид (критично загрозен) со ограничена популација во Македонија, се пристапи кон подетални истражувачки активности за одредување на бројот на забележани индивидуи. Во рамки на Програмата за заштита на балканскиот рис спроведувана од МЕД, главна цел е интегралната заштита односно заштитата на видот од криволов, заштита на неговото живеалиште и заштита на неговиот плен (срната и дивата коза). Токму поради тоа, се пристапи кон активности за одредување на популацијата на срната како главен плен на рисот, при што определени се две пробни површини (квадранти) со површина од 1$m^2$ на кои се поставени 11 камери. Информациите кои се добиваат на овој начин, а се поврзани со популацијата на дивите видови, вклучително и срната како главен плен на балканскиот рис кои се добиваат на овој начин се од исклучително

значење. Според обработените податоци во НП Галичица се проценува густина на срната од 4 до 5 единки на 1км$^2$, а екстраполирано на цела површина од паркот би било од 800 до 1000 единки.

### Цензус на пеликани на Преспанско Езеро

Во текот на месец мај вработени во ЈУНП Галичица учествуваа во активности за пребројување на популацијата на пеликани на Преспанското Езеро. Со пребројувањето на пеликаните на Преспанско Езеро, во соработка со МЕД и Општина Ресен, се одбележа Меѓународниот ден на биолошката разновидност 22 мај. Пеликаните од видот *Pelecanus crispus – кадроглав пеликан* и *Pelecanus onocrotalus – обичен, бел пеликан* на Преспанското Езеро припаѓаат на најголемата гнездечка популација од овој вид во светот, а оваа активност се спроведува од 2013 година, и е прекугранична активност што ги вклучува Друштвото за заштита на Преспа, Грција и Друштвото за заштита на животната средина од Албанија. Оваа година пребројувањето беше особено значајно, поради големите загуби што ги претрпеа популациите на двата видови пеликани како резултат на птичји грип. Во Македонскиот дел на Преспанското Езеро беше пребројувано од неколку точки за набљудување итоа: Маркова Нога, Наколец, Асамати, Сирхан, Стење и Остров Голем Град. Вкупниот број на преброени примероци: *Pelecanus crispus* - 92 единки; *Pelecanus onocrotalus* 55 единки, како и 14 недетерминирани.

### Поставени првите GPS предаватели на Еребица камењарка *Alectoris graeca*

Во соработка со МЕД и DOPPS – BirdLife Slovenia, во месеците мај и јуни, успешно заловени две единки на еребици камењарки и поставени ГПС предаватели. Активностите се одвиваа во Националниот парк Галичица околу локалитетите Велестово, Дава Ливада и цирковите под врвот Магаро. Статусот на еребиците камењарки на глобално ниво се движи кон засегнат, а кај нас постојат многу малку податоци за нивната екологија и живот. Затоа, истражувањето со помош на



телеметрија може да обезбеди јасна слика за територијата која ја користат, социјалното однесување на единките, распространувањето, презимувачките локации како и нивните закани. Фактот дека станува збор за ловна птица, многу важно е да се обезбедат вакви податоци се со цел да може да се направат добри акциски планови, мониторинг планови и ефективни конзервациски мерки.

## Учество на работилници и обуки

Во текот на месец февруари, во рамки на проектот „Не оставај трага“ споведен од Експлорер МК, беше одржана дводневна обука за Конфликт менаџмент, комуникациски вештини и тимски развој. На обуката беа присутни голем број чинители и вршители на дејност кои гравитираат на подрачјето на Националниот парк Галичица, а знаењата стекнати од обуката ќе придонесат во понатамошното работење за подобрување на меѓусебните интеракции како што се вработен-посетител, вршител на дејност-посетител-службено лице итн.

Во соработка со МЕД, експертот за ГИС Васко Авукатов на дел од вработените им одржа кратка обука за користење на алатката ГИС. Оваа обука беше се со цел изработка на мапа за зонирање во комплексот Св.Наум за потребите на работната верзија на Посебниот план за управување со комплексот Св.Наум.
Во текот на месец април 2022 година претставници од ЈУНПГ учествуваа на работилница ,,Тренинг за едукатори за заштита на пештери и лилјаци во Национален парк Галичица". Обуката беше дел од проектот „ Развој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица, поддржан од PONT/CEPF.
Во текот на месец јуни од страна на Gwenaelle Joubert ангажирана од страна на ПОНТ, во просториите на ЈУНПГ беше одржана работилница и обука за Story telling.
Во Долна Горица, Албанија во седиштето на PPNEA беше одржана презентација и обука за мониторинг на дива коза. На обуката учество зедоа претставници од ЈУНПГ, а обуката беше реализирана од страна на експертот Haritakis Papaioannou.
Од 21 до 23 Јуни во седиштето на SPP, Лемос, Грција претставници од ЈУНПГ учеступаа на обука за билогија и екологија на кадроглав пеликан. На обуката пристуствуваа преставници од заштитени подрачја во Македонија, Албанија, Бугарија, Србија и Грција, се споделуваа искуства околу мониторингот на Кадроглав пеликан, а покрај презентациите беше реализирана кратка теренска активност на малото Преспанско Езеро. Обуката беше организирана од SPP, а главни експерти беа Giorgos Catsadorakis и Olga Alexandrou.
Во рамките на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“, во периодот од 7 до 11 октомври 2022, беше реализирана тематска студиска посета во Словенија, итоа на следните организации/институции: Регионален парк Шкоцјанске јаме – подрачје под заштита на УНЕСКО; Спелеолошката спасителна служба на Словенија – спасителен центар во Крањ, Црвен крст Копер, како и помали заштитени подрачја помеѓу Трст (Италија) и Копер и Сежана (Словенија).
Од 15 до 18 Октомври во Охрид се одржа 6ти Конгрес на Еколозите на Македонија организиран од страна на Македонското Еколошко Друштво. Конгресот беше од интернационален карактер, а учество зедоа преку 150 претставници. Исто така активно учество зедоа и претставници на ЈУНП Галичица кои испратија труд, а беше подготвен и постер за презентација.

## Активно управување со високопланинските пасишта

Во текот на 2022 година континурано се спроведуваа активности за одржување на репродуктивниот центар. Покрај редовните активности за одржување и надградба на инфраструктурата, значајно е да се спомене изградбата на голем склад (плевна) која се изгради во

Септември 2021 , а во тековната зимска сезона се почуствува бенефитот од оваа активност. Тука беа сместени целокупните залихи на зрнеста храна и сено со кои се прихрануваат елените во Репродуктивниот центар. Важно е да се напомене дека оваа година бројот на единки во репроцентарот порасна и денес брои околу 100 единки.
Во соработка со Македонското еколошко друштво, оваа летна сезона беа обезбедени 800 бали сено за потребите на репроцентарот. Имено, таа количина ратителен материјал потекнува од одржливото користење на влажните ливади во Езерани, активност која ја реализиираат МЕД во соработка со Општина Ресен. Имајќи ги предвид зголемениот број елени и трошоците за храна, а од друга страна и зголемената инфлација и светската криза, оваа соработка и тоа како е од помош за ЈУНПГ од аспект на заштеда на финански средства во овие кризни моменти.
Оваа пракса е предвидено да продолжи и во следните години, со што соработката на НП Галичица, Паркот на природата Езерани и Македонското Еколошко Друштво ќе биде на уште повисоко ниво, а воедно и приказ за добрата соработка помеѓу заштитените подрачја и граѓанскиот сектор во насока на активното управување со заштитените подрачја.

### Реализација на специфични обуки

Во текот на 2022 година, ЈУНПГ оствари соработка со надворешно стручно лице„Друштвото за проучување и заштита на биодиверзитетот и одржлив развој на природните екосистеми (БИОЕКО) Скопје“ добитник на јавната набавка кои заедно со стручниот тим при јавната установа започнаа со ажурирање на SDF формата за Националниот парк Галичица. Исто така, со цел обезбедување на оддржливост на резултатот од оваа активност, беше организирана обука за најмалку 3 вработени од Јавната установа за значењето на SDF формата, за нејзината содржина и процесот на подготовка и ажурирање, секако во согласност со барањата на ЕУ директивата за живеалишта и птици.

| **Вид на обука** | **Теренски денови** | **Канцелариски денови** | **Денови за обука (вкупно)** |
|---|---|---|---|
| SDF Форма - вовед | 0 | 1 | 1 |
| SDF Форма - пополнување и ажурирање | 2 | 8 | 10 |
| **Вкупно** | **2** | **9** | **11** |

Темите на кои се фокусираше обуката ги опфати следните области:

- ВОВЕД
- ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА САЈТОТ
- ЛОКАЦИЈА
- ЕКОЛОШКИ ИНФОРМАЦИИ
- ОПИС НА САЈТОТ
- СТАТУС НА ЗАШТИТА НА САЈТОТ
- УПРАВУВАЊЕ СО САЈТОТ
- МАПА НА САЈТОТ
- Додатоци

Исто така, за 2022 година беше предвидено да се одржи обука за биологија и екологија на видови и живеалишта. Подолу во табелата се опишани видовите и живеалиштата за кои стручниот тим на ЈУНПГ посети обуки, како канцелариски денови така и практично на терен.

| Вид за обука | Теренски денови | Канцелариски денови | Денови за обука (вкупно) |
|---|---|---|---|
| *Лилјаци (Chiroptera)* | 2 | 3 | 5 |
| *Големиот северен потопник (Mergus merganser)* | 1 | 1 | 2 |
| *Маерова непета (Nepeta ernesti-mayeri)* | 1 | 1 | 2 |
| *Ноќна ластовица (Caprimulgus europaeus)* | 1 | 1 | 2 |
| Европски елен (*Cervus elaphus)* | 2 | 1 | 3 |
| Барска ангелика (*Angelica palustris*) | 1 | 1 | 2 |
| Аполонова пеперутка (*Parnassius apollo*) | 1 | 1 | 2 |
| Мочуришен шаренец (*Euphydrias aurinia*) | 1 | 1 | 2 |
| Алпска стрижибуба (*Rosalia alpina*) | 1 | 1 | 2 |
| Југозападни мезиски елово-букови шуми | 1 | 1 | 2 |
| Ендемични шуми со дива фоја | 1 | 1 | 2 |

Темите на кои се фокусираа обуките ги вклучија следните области:

За заедници:

1. Методологија

1.1. Аналитички процени

**квантитативни процени**

**квалитативни процени**

***I.*** **<u>Квантитативни процени во фитоценологијата</u>**

2. Опис на заедницата

2.1. Синтаксономска положба

2.2. Распространување

2.3. Станиште, екологија

2.4. Валоризација, ризици

- СОП 1: подготовки за теренска работа
- СОП 2: лоцирање и поставување на вегетациски снимки
- СОП 3: вегетациско снимање
- СОП 4: управување со податоци
- СОП 5: анализа на податоците и известување

За видови:

1. Опис на видот

1.1. Оригинален дијагностички опис

1.2. Дијагностички опис на македонски јазик

1.3. Општо распространување

1.4. Распространување Галичица

1.5. Станиште, екологија

1.6. Валоризација, ризици

- CORINE (МК)
- Црвена листа на Република Северна Македонија
- IUCN

1.7. Кариолошка анализа

- СОП 1: подготовки за теренска работа

- СОП 2: лоцирање и поставување на пробни површини
- СОП 3: теренско мерење
- СОП 4: управување со податоци
- СОП 5: анализа на податоците и известување

### Изработка на Посебен План за управување со комплекост Св.Наум

Владата на Република Македонија на својата сто и седумнаесетта седница, одржана на 2$^{ри}$ ноември 2021 година, по точката 25 ја разгледа Информацијата за учеството на државната делегација на 44-та сесија на Комитетот за светско наследство/УНЕСКО одржана во Кина и Одлуката за Природното и културното наследство на Охридскиот регион и донесе неколку заклучоци. Со еден од заклучоците, Владата и укажа на Јавната установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ) да изработи Посебен план за управување со комплексот Свети Наум и истиот да го достави до Владата на РСМ до 1$^{ви}$ мај 2022 година. Ова укажување е во согласност со активностите определени со Планот за управување со Национален парк Галичица за периодот 2021-2030 и тоа: (1) Популациски истражувања и заштита на извориштето Св. Наум од Програмата 1 и (2) Одредување на капацитет на носивост/издржливост на локалитетот Св. Наум од Програмата 4.

Потреба за изработка на Посебен план за управување со комплексот Свети Наум.
Во рамките на планирањето на управувањето со поголеми заштитени подрачја, покрај План за управување со подрачјето во некои случаи потребно е да се изготват и донесат и Планови за управување со локалитети за кои се потребни поинтензивни и детални мерки и активности за управување. Во случаи кога донесените одлуки засегаат голем број на засегнати и заинтересирани страни, предуслов за спроведливост на донесените одлуки е тие да бидат донесени во демократски, искрен и интензивен процес кој ќе обезбеди активно учество на сите страни, но и на независни стручни лица од областа на заштита и зачувување на природното и културното наследство.
Локалитетот Свети Наум опфаќа околу 60 ха во крајниот југозападен дел од Национален парк Галичица. Во границите на овој локалитет се наоѓаат исклучителни биолошки, хидролошки и пределски вредности потврдени со бројни истражувања. Истовремено, локалитетот е од големо историско, културно и духовно значење, не само за Македонија, туку и пошироко на Балканот, поради манастирот основан од Свети Наум Охридски, на крајот од деветтиот век.
Големата концентрација на природни и културно-историски вредности кои ги поседува локалитетот се причина за исклучително големиот број на посетители. Големиот број на посетители овозможил развој на бројни мали и средни бизниси кои ги спроведуваат и одржуваат главно жители од околните населени места Љубаништа и Трпејца, но и од Охрид и пошироко. Паралелно на тоа, во локалитетот е развиена и значајна туристичка инфраструктура (автокамп, хотел, ресторани, голем број продажни места за сувенири, паркинг места и.т.н.).
Сето ова ја потенцира потребата од интензивна и ефективна заштита на исклучителните вредности кои локалитетот ги поседува, при што ќе се имаат предвид и социјалните, традиционалните и економските аспекти на донесените одлуки за заштита и управување.
Законот за заштита на природата не предвидува можност за дополнителна изработка и донесување на Планови за управување за одделни локалитети. Сметаме дека *Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитени подрачја и содржината на годишните*

*програми за заштита на природата* („Службен Весник на Р.М.“ бр. 26/12 година) обезбедува соодветна рамка за развој на Посебен план за управување со комплексот Св. Наум. Дополнително, имајќи предвид дека локалитетот целосно припаѓа на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, ќе се следат и препораките на *Практичниот водич за планови за управување со локалитети на светско наследство*. Генералните водечки принципи и оперативни програми определени со Планот за управување со НПГ за периодот 2021-2030 година и Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион ќе бидат основа за овој ППУ. ППУ ќе ги прецизира мерките и активностите за да се обезбеди интегрално управување. Во неговата изработка ќе бидат вклучени сите засегнати и заинтересирани страни присутни во локалитетот со цел да се обезбеди ефикасна и ефективна спроведливост.

**Легален статус и зонирање**

Комплексот Св. Наум е во границите на НПГ согласно Законот за прогласување на дел од планината Галичица за Национален парк (Сл. весник на РМ бр. 171/10).

Согласно зонирањето воспоставено со Планот за управување со НПГ и Планот за управување со Охридскиот регион и согласно Законот за заштита на природата, во рамките на комплексот воспоставени се три зони: Зона за строга заштита, Заштитен појас и Зона за одржливо користење.

– Зоната за строга заштита претставува дел од комплексот со највисок интерес за заштитата и го опфаќа поголемиот дел од езерцето како и поголемиот остров во него. Во оваа зона се забранети секакви човекови интервенции освен прошетки со кајче на начин што нема да предизвика поголеми биолошки и еколошки нарушувања;
– Заштитниот појас ја опфаќа копнената површина околу езерцето во радиус од приближно 100 *m*, вклучително и малиот остров и водената површина во негова непосредна близина. Во оваа зона се забранети секакви човекови интервенции освен користење и одржување на постојните објекти и инфраструктура, доколку со тоа не се загрозуваат биолошките и еколошките вредности во зоната за строга заштита; и
– Зоната за одржливо користење го опфаќа останатиот дел од локалитетот каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство и земјоделско земјиште.

За жал, поради голем број причини, заштитата и управувањето со локалитетот е неквалитетна и неефикасна што придонесува за делумно губење на исклучителните универзални природни, културно-историски и пределските врености кои локалитетот ги поседува. Стопирањето на процесот на ерозија на универзалните вредности е можен само со обезбедување интегрална заштита и управување со локалитетот.

**Предлог процесот за изготвување на ППУ се одвиваше по следниот модел**

**I. Собирање и обработка на информации за природните и културните вредности на комплексот** (рок – 5 ти јануари 2022)

Комплексот Св. Наум во долг временски период претставува предизвик за научни истражувања, и тоа и за природното и за културното наследство. Планот за управување со НПГ дава исцрпен преглед за природното и културното наследство на комплексот. Покрај тоа, ќе се искористат објавените бројни научни трудови за подетална проценка на вредностите како и заканите по нив како и интерпретации на истите кои се достапни за јавноста.

Преку спроведување на анализа на постојни и веќе објавени литературни податоци за состојбата на природните и културните вредности на комплексот ќе биде направен преглед и опис на природните и културните вредности како и заканите по нив. Врз основа на овие информации ќе се

пристапи кон развој на оперативниот дел од ППУ согласно определените закани и притисоци врз вредностите.
*Проценети трошоци – 0 денари*

II. **Определување и вклучување на заинтересирани и засегнати страни** (рок – 29 ти јануари 2022)
Во оваа фаза на подготовката ќе се изготви преглед на сите засегнати и заинтересирани страни присутни во комплексот, при што истите ќе бидат класифицирани во три основни групи, и тоа:

- сопственици на имот во комплексот;
- субјекти кои се вршители на дејност, но не се сопственици; и
- трети страни кои се заинтересирани за заштита вклучувајќи ги Владата, ресорните министерства, општини, граѓански организации, научни институции, поширока јавност итн.

Консултацијата со овие чинители, како што беше наведено погоре, е од клучна важност во процесот на подготовка на овој ППУ. Затоа, ЈУНПГ ќе обезбеди нивно учество, при што за некои прашања ќе бидат организирани засебни средби со претставници од групите. На овие средби ќе бидат дискутирани нивните специфични потреби и барања. Покрај ваквите, ќе бидат организирани и средби со фокус групи од институциите и другите засегнати страни од третата категорија. На тие средби ќе бидат дискутирани прашања поврзани со легислативата, потребата од заштита и реалната можност за вршење на дејности во локалитетот. На крај, ќе бидат организирани и меѓусекторски состаноци за темите за кои има потреба од услогласување на потребите и барањата на сите групи.
*Проценети трошоци – 0 денари*

III. **Анализа на закани и притисоци врз локалитетот** (рок - 15 ти февруари 2022)
Врз основа на собраните информации за природните и културните вредности на комплексот, а во консултација со достапната литература, како и врз основа на досегашното искуство ќе биде спроведена анализа со која ќе се определат притисоците и заканите врз вредностите на комплексот. Како резултат од оваа анализа ќе биде подготвен регистар на загадувачи и вршители на дејност, како и појави кои негативно влијаат врз природните и културните вредности.
Со оглед на фактот дека комплексот Св. Наум претставува едно од најпосетуваните места во државата и класичен пример за масовен туризам, мора да се преземат мерки со кои ќе се намали негативното влијание од туристите кое несомнено постои.
*Проценети трошоци – 100.000 денари*

IV. **Препораки за ублажување на негативните ефекти од притисоците и заканите** (рок - 15 ти март 2022)
Врз основа на собраните информации во првиот чекор и резултатите добиени од анализата од претходниот чекор ќе се изврши детекција на притисоците и заканите врз културното и природното наследство. После тоа ќе се пристапи кон приоретизација на истите, со што ќе се развијат и определат соодветни мерки и активности за ублажување на нивното негативно влијание.
*Проценети трошоци – 200.000 денари*

V. **Анализа на влијание на ППУ врз засегнатите страни** (рок – 15 ти март 2022)
Паралелно со претходниот чекор ќе се направи оценка на можните влијанија од предложените мерки и активности врз засегнатите страни. Оваа анализа е клучна во обезбедување на интегрално управување со комплексот и од неа ќе зависи определувањето на заеднички прифатливи мерки и активности за заштита на универзалните вредности кои ги поседува комплексот.
*Проценети трошоци – 18.000 денари*

## VI. **Оперативен план на мерки и активности во комплексот** (рок - 15 ти април 2022)

Земајќи ги предвид сите информации добиени од погореспоменатите чекори, ќе се пристапи кон развој на оперативниот дел од Планот за управување со комплексот Св. Наум. Оперативниот план ќе содржи активности, индикатори за мерење на реализацијата, одговорна институција за реализација, буџет и временска рамка на спроведување на односната активност. Посебниот план за управување ќе биде ревидиран во 2026 година заедно со задолжителната ревизија на Планот за управување со НПГ за периодот 2021-2030.

*Проценети трошоци – 100.000 денари*

Материјалните трошоци за целиот процес ги проценуваме на вкупно 100.000 денари.

Патни трошоци и дневници 150.000 денари

**Вкупните проценети трошоци се 668.000 денари**

**Планирачки тимови**

Развивањето и донесувањето на ППУ бара вклучување на различни профили на експерти. Согласно искуството на установата добиено при подготовката и донесувањето на Планот за управување со НПГ за периодот 2021-2030 година, ќе се примени сличен начин на формирање на тимовите. Предлагаме да се формираат:

1. Внатрешен тим за планирање составен од вработени во ЈУНПГ. Овој тим ќе има доминантно логистичка улога и секојдневно ќе работи на ППУ. Кон овој тим пожелно е да се приклучи и вработен од Завод и музеј Охрид.
2. Потесен тим за планирање составен од:

- Двајца преставници од ЈУНПГ,
- Преставник од МЖСПП,
- Преставник од Министерство за култура
- Преставник на Управата за заштита на културното наследство,
- Преставник од Македонска Православна Црква-Охридска Архиепископија,
- Преставник на граѓански здруженија,
- Двајца преставници од вршителите на дејност и
- Преставник на општина Охрид.

Овој тим за планирање ќе се состанува и ќе работи повремено и ќе ги подготвува материјалите потребни за развивање на ППУ.

3. Проширен тим за планирање составен од:

- Сите членови на потесниот тим за планирање (10),
- Преставник на Хидробиолошки завод (1),
- Преставник на ПМФ (1),
- Преставник на ФТУ (1),
- Преставник на ХОРЕКА (1)
- Преставник на гранична полиција (1) и
- Преставник на Управата за хидрометеоролошки работи (1)

На 01.06.2022 година, Предлог ППУ за комплексот Св.Наум беше испратен до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Владата на Р.Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура.

### Истражување во областа на МЕТТ оценувањето на заштитените подрачја низ Македонија

Во периодот од 15-18 октомври 2022 година, во Охрид беше организиран 6 Конгресот на еколози со меѓународно учество. ЈУНПГ зеде активно учество на овој Конгрес и заедно со претставници од Македонското еколошко друштво, за таа потреба подготви истражување за научените лекции од спроведувањето на МЕТТ алатката од страна на заштитените подрачја низ Македонија. Насловот на трудот кој беше подготвен за таа цел е: Lessons learned from the Management Effectiveness Tracking Tool (METT) application in the protected areas of North Macedonia. Трудот беше претставен со постер и истиот се очекува да биде објавен во изданието кое ќе биде објавено од страна на организаторот на настанот.

### Научно-истражувачка дејност

Во текот на 2022 година во рамки на остварени соработки со различни институции од државата и странство, ЈУНПГ учествуваше во објавување на неколку научни трудови кои беа публикувани во меѓународни научни списанија со импакт фактор. Вработени од установата се појавуваат како ко-автори на овие научни трудови, и тоа:
Piria, M., Stroil, B., Giannetto, D., Tarkan, A., Gavrilović, A., Špelić, I., Radočaj, T., Killi, N., Filiz, H., Uysal, T., Aldemir, C., Kamberi, E., Hala, E., Bakiu, R., Kolitari, J., Buda, E., Bakiu, S., Sadiku, E., Bakrač, A., Mujić, E., Avdić, S., Doumpas, N., Giovos, I., Dinoshi, I., Ušanović, L., Kalajdžić, A., Pešić, A., Ćetković, I., Marković, O., Milošević, D., Mrdak, D., Sará, G., Belmar, M., Marchessaux, G., Trajanovski, S. and Zdraveski, K., 2022. An assessment of regulation, education practices and socio-economic perceptions of non-native aquatic species in the Balkans. Journal of Vertebrate Biology, 70(4).

## Одделение за алтернативни активности и еколошка едукација

Во ИЗВЕШТАЈОТ ПО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА ЗА РАБОТАТА НА ОДЕЛЕНИЕТО ЗА АЛТЕРНАТИВНИ АКТИВНОСТИ И ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ЗА 2022 ГОДИНА ќе бидат претставени активности кои беа во насока на спроведување на планот за работа на ЈУНП Галичица во делот за кој има надлежности и одговорности раководителот на оделението за (АА и ЕЕ) кои беа насочени кон оперативното работење со посетите на паркот и одделни работи кои се однесуваа на зголемување на техничкиот капацитет на објектите исто така во насоката за управувањето со посети.
Соработката со субјектите кои имаат активности за посети на паркот беше повторно на примарно ниво се со цел за подобар престој на посетителите во границите на паркот.
Поради претходното се продолжи со ажурирање на ресурсот на водичи кои го имаат субјектите кои имаат воспоставено деловна соработка со ЈУНП Галичица по пат на склучен меморандум или спогодба за регулирање на правата и обврските помеѓу засегнатата деловна страна /субјект со ЈУНП Галичица. Субјекти кои беа евидентирани беа трговски друштва, здруженија на граѓани и индивидуалци кои се стекнале со деловно право за извршување на активности за посета на паркот односно за водички активности на територијата од Република Северна Македонија воедно и Националниот парк Галичица. Индивидуалното водење на посетители-групи низ паркот е состојба која треба внимателно да се следи од причини што одредени “водичи“ се нелегитимни

поради нивното непријавување во паркот а од од друга страна вршат некакви поврзани активности на посета.
Отворањето на објектот/точката за промоција на НП Галичица во центарот на Охрид допринесе за поголемо информирање на посетителите на градот со НП Галичица како природен ресурс за посета и користење на дел од својот одмор во градот Охрид да го поминат во границите на Националниот парк Галичица. Отворањето на објектот беше и со цел зајакнување на соработката помеѓу ЈУНП Галичица и деловните субјекти кои вршат дејност за посети на паркот.
Соработката со субјектите воедно беше и една од причините и во преден план и при отворањето на промотивната точка во центарот на градот Охрид. Во истиот им беше овозможено на субјектите кои вршат активности за посети на паркот да се промовираат односно да ги промовираат /рекламираат своите активности кои ги вршат во паркот , активности кои се врзани со непосредни посети на поединци и групи низ паркот кои се вклучени во нивните аранжмани за кратки еднодневни тури низ паркот некои и со користејки други технички можности за движење низ паркот.
Продолжување на една од соработките беше и потпишување на меморандум за соработка со здружение на граѓани заради продолжување на активностите за развој на планински велосипедизам кој во иднина се очекува да заземе значајно место во понудата за посети како елемент од одржливите посети кои имаат минимално негативно влијание врз природата во паркот.
Традиционално трета година  и оваа 2022 година  се одржа Денот за Магаро кој беше составен дел од Авантуристичкиот викенд .
Последователно соработката со деловните субјекти и индивидуалци повторно се надвисна како една од основите за покомпактно делување во поглед на приемот и престојот на посетителите.

Ова посебно е насочено кон странските пазари односно кон надворешни посетители на Република Северна Македонија кои маркирањето на нивниот одмор ќе биде во насока на Националниот парк Галичица како дестинација за планински соло велосипедизам.
Дополнително работи кои се направија и допринесуваат за зголемување на техничкиот капацитет на објектите на паркот беше поставувањето на соларното напојување на куќата во Асангура.

## ПОСЕТА НА ПАРКОТ

### ИЗВОРИ СВЕТИ НАУМ

Очекуваниот пораст за промет за оваа 2022 година не се оствари од причини што изостана колебливото предвидено присуство на странски туристи низ градот Охрид кои главно се носители на прометот и корисници на услугата за превоз со чамци / кајчиња низ изворите во Свети Наум. Негативниот биланс беше изразен и со несклучување на спогодби со фирмата Острово БДБ кое беше од претходни причини заради не извршување на финансиски обврски од страна на Острово БДБ кон ЈУНП Галичица. ЈУНП Галичица се најде во состојба на несклучена спогодба со Острово БДБ заради регулирање на своите права и обврски заради вршење превоз на посетители низ изворите во Свети Наум од кое од друга страна фирмата вршеше превоз и со самото тоа се нанесе штета на ЈУНП Галичица. Одразот кон негативниот биланс беше во проценти од околу 48 % што доведе до ситуација да се користи истиот ресурс  воедно  и персонален  во поглед на

вработени а повратот на финансии беше половичен. Истото е проследено низ правна форма за регулирање на обврските . Епилогот ќе биде судски.
Друга причина која придонесе во мал обем беше и задоцнетото поставување на наплатна служба . Континуираната наплата односно контрола на конкретата локација е фактор кој е значаен не само за наплатата на влезници туку и за зачувување на ресурсот како едно од највредните заштитени природни простори во НП Галичица.
Потпишаните спогодби за превоз на посетители беа проследени со финансиска атрибуција како такса од формата на екосистемска услуга од 30 000 денари за едно кајче/чамец и со наплата за влез на еден посетител од 100 денари. Вкупно беа наплатени 540 000 денари по основ на спогодби од субјекти кои се однесуваат за регулирање на своите права и обврски.
За подобро евидентирање на посетите кајчињата беа означени со нови ознаки со жолто зелена боја.
На конкретната локација почетно работно беа вклучени три лица и тоа: Тоше Сотироски од 01 мај 2022 година и Сашо Ристески од 07мај 2022 година како наплатувачи и Мирче Огненоски како контролор наплатувач од 09 април до 04 јуни 2022 година. По 04 јуни 2022 година наплатувачот контролор Мирче Огненоски не беше повеќе во функција за наплата и контрола на влезници кај Изворите Свети Наум. После 04 јуни до пишување на извештајот беше правена инцидентна селективна контрола на локацијата од вработени лица од ЈУНП Галичица .
Контролата на локацијата во однос на влезниците и други дејствиа поврзани со заштитата на природата на локацијата е една од суштинските потреби за обавување на делот од дејноста која ја врши ЈУНП Галичица на оваа локација како составен дел за интегрирано управување со паркот. Потребата од константна континуирана контрола е неминовност која треба да се извршува.
Пресекот за количина на издадени влезни билети за локацијата и изработка на овој извештај е 18 ти септември 2022 година. До овој датум беа евидентирани 30 719 посетители кои извршиле влез низ изворите Свети Наум при користење превоз со кајче. Од вкупниот број посетители 48 % се ненаплатени обврски од фирмата Острово БДБ. До завршеток на сезоната односно до 31/12/2022 година се предвидува дека бројот на посетители ќе биде околу 35 000.
Споредбено ако направиме осврт на годината 2019 -та како репер на година која имаше максимална амплитуда на продадени влезници за посета на локацијата ќе издвоиме дека годината 2022 беше година со пад на посетите од околу 35 % . Самото тоа се должи на намалувањето на бројот од странски туристи поради фактот што странските туристи имаат импакт врз посетеноста односно имаат интерес за користење на превозот со кајчиња воедно и како атракција за посета на паркот.

## ПРОШЕТКИ СО АТВ

Во текот на 2022 година субјектите кои имаа потпишано спогодби за вршење дејност
1.Трговско друштво за производство трговија и услуги Острово БДБ ДООЕЛ Охрид, со седиште во Свети Наум Љубаништа, Охрид, со ЕМБС 6371868, застапувано од управител Благоја Ристески
9 АТВ-а
2.Трговско друштво за производство трговија и услуги ММ РЕНТ ДООЕЛ узвоз-извоз с.Коњско Охрид, со седиште во Коњско Охрид, со ЕМБС 7354134, застапувано од управител Наумче Несторoски, 8 АТВ-а
3.Трговско друштво за производство трговија и услуги АТВ КРУЗ ДОО увоз извоз Охрид, со седиште на ул. АСНОМ бр.107-2/42 Охрид, со ЕМБС 7271518, застапувано од управител Климчо Ангелоски, 8 АТВ-а

Од трите субјекти најмногу посетители имаше пријавено субјектот АТВ КРУЗ (204 влеза ) , ММ РЕНТ имаше (93 влеза) по количински обем на влез со АТВ-а на просторот од паркот.
ОСТРОВО БДБ скоро и немаше ни минимално учество при влегувања во паркот. (1 влез)
Одредено минимално учество имаа при влез и превоз со АТВ-а и лица кои за лични потреби вршеа прошетки низ паркот. (20 влеза).
Во врска со вршењето прошетки на посетителите со АТВ-а ќе истакнеме дека од месното население на с. Шипокно имавме пријава за вршење на прошетки и возење на патека која не беше земена во предлогот при потпишувањето на спогодби за што беа повикани претставниците на субјектите и истото им беше предочено.

## ПРОШЕТКИ СО ЏИПОВИ

Тековната 2022 година на просторот на паркот за прошетки со џипови пробудија интерес за организирани активности и за потпишување на меморандум за соработка здруженијата ОФФ РОАД Галичица и ЛИХНИД ОФФ РОАД. Соработката беше со двата субјекти на примерно ниво од кои посебно константно беше продолжена со ОФФ РОАД Галичица кои направија оваа сезона околу 200 влеза.

## ПАРАГЛАЈДИНГ

Европско Првенство
Од 28 април до 01 мај 2022 година се организира Европски куп во Параглајдинг .
Воздухопловната федерација на Македонија, параглајдинг клубот FLY OHRID, и Општина Охрид како покровител го организираа Европскиот куп во параглајдинг во прецизно слетување PGAEC OHRID 2022.
На Европското првенство зедоа учество 15 земји со 50 натпреварувачи. Натпреварувачите стартуваа од местото Поглед над с.Велестово а слетуваа на стадионот Билјанини Извори. ЈУНП Галичица даде подршка за организација на оваа манифестација.



## Посети

Непосредното учество на параглајдингот во вкупниот број на посети беше евидентиран претежно од едно физичко лице Криситијан Темелковски кое понатака продолжи преку друга форма и здружението Вертиго.

Поединечни прелетувања се ефектуирани од индивидуалци кои немаа потпишано меморандуми за соработка кои се однесуваат на субјекти кои вршат активности во паркот и истите се самостојни индивидуалци кои некои со намера или транзитно поминуваат или се сместуваат во сместувачките капацитети на регионот и низ паркот.

За поефективно регулирање на односите помеѓу засегнатите страни треба дополнителни активности како за средување на полетиштата и инфраструктурата така и за зголемување на степенот на соработка и квалитетот на деловните односи помеѓу ЈУНП Галичица и корисниците за активноста.

## ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

Активности за посети од туристичките агенции беа реализирани главно од два тур оператори :потпишани меморандуми за соработка со туристичките агенции : ЛАЛЕ ТУРС и КТМ ВОИЈАГЕ , во незначителен број од ФИБУЛА и повремено некои други субјекти. Наведените агенции најповеќе го користеа просторот на паркот заради организација на прошетки со индивидуалци додека поретко правеа влез со други технички средства. Лале Турс оствари одреден промет , ФИБУЛА минимален со туристи за Островот Голем Град додека другите користеа делови од системот патеки претежно патеката околу с. Елшани и Лакоски гној . Соработката беше на примерно ниво и во иднина треба да се надоградува. Како добар пример на соработка од претходните ќе ја издвоиме Лале Турс.

## ПЛАНИНАРЕЊЕ

Организација на ден за Магаро . Повторно оваа 2022 година со здружението Планинско Лудило беше промовиран Денот за Магаро кој се одржа во деновите од 18-19 јуни како дел од нов концепт за посети во форма на МАГАРО планински фестивал 2022.

Дводневната достапност на природата на учесниците на фестивалот беше исползувана со велосипедска тура и со престој /преноќиште на м.в. Корита и другиот ден со искачување на врвот Магаро. МАГАРО планински фестивал 2022 воедно е настан за промовирање на здравиот начин на живот и запознавање со недопрената убавина на природата со едукативна содржина за значењето на пределот низ кои поминуваат посетителите и на Националниот парк ГАЛИЧИЦА.

На манифестацијата присуствуваше и градоначалникот на градот Охрид г-дин Кирил Пецаков.








## ВЕЛОСИПЕДИЗАМ

Потпишан е Меморандум за Соработка со претседателот на здружението Јован Јованоски за активности за воспоставување на OH - RIDE (ОХ-РАЈДЕ) концептот за создавање на манифестација за планински велосипедизам и континуирана атракција на НПГ за соло возење.



## ВОДИЧИ / КОНТРОЛИРАНО ДВИЖЕЊЕ / ПОСЕТИ НА ПАРКОТ

Во тек на 2022 година беше извршена повторна евиденција на водичи кои вршеа водички услуги низ паркот , некои од правни субјекти некои индивидуално:

| | | |
|---|---|---|
| ЏИП * ОФФ РОАД ГАЛИЧИЦА<br>1/2022 ПЕЦЕ КОЧЕСКИ<br>2/2022 ВЛАДИМИР ШОРГИЌ<br>3/2022 РИСТЕ НИКОЛОСКИ<br>4/2022 ЈОВИЦА КОЛЕСКИ<br>5/2022 ИЛИЈА РИСТЕСКИ<br>6/2022 ЈОВИЦА КОЛЕСКИ<br>7/2022 ЉУПЧО ИЛЧЕСКИ<br>8/2022 ПЕТАР КОЛЕСКИ | ВОДИЧ Т.А. * КТМ ВОИЈАГЕ<br>9/2022 ЗЛАТКО ЃОРШЕСКИ<br>10/2022 СРЕТЕН АНЃЕЛКОСКИ<br>11/2022 СТОЈМИР ОГНАНОВ<br>12/2022 НАУМ ПЕТРЕСКИ<br>13/2022 ВЛАДО РИСТЕСКИ<br>14/2022 ИЛИЈА МАЛИНКОСКИ<br>15/2022 СВЕТО | ВОДИЧ Т.А. * ЛАЛЕ ТОУРС<br>16/2022 ДИМИТРИ БАШОСКИ<br>17/2022 КРИСТИААН БАШОСКИ<br>18/2022 ПЕТАР БАШОСКИ<br>19/2022 ЈАНЧЕ СТОЈКОСКИ<br>20/2022 ДАНИЕЛ МИТРЕСКИ<br>21/2022 ДИМИТАР КОЧЕСКИ<br>(22/2022 ВИКТОР |

| | | |
|---|---|---|
| | МИЛЕНКОВСКИ | СТРАХИЛОВ) |
| ПЛАНИНАРЕЊЕ ВОДИЧ* ПЛАНИНСКО ЛУДИЛО<br>23/2022 ЖАНКО ГОЛАБОСКИ<br>24/2022 МИШКО ТАНЕСКИ | ПЛАНИНАРЕЊЕ ВОДИЧ* СПИРИДОН СПЕЛЕО<br>25/2022 АЛЕКСАНДАР БУЛЕСКИ | ПАРАГЛАЈДИНГ * ВЕРТИГО<br>26/2022 САШО СМИЛЕВСКИ<br>27/2022САШО ПЕТАР СТОЈАНОВСКИ<br>28/2022САШО СПИРКОВСКИ<br>29/2022 ИВАН ЛУКАНОВ<br>30/2022 БЛЕРТОН РАВЕНИ<br>31/2022ЉУБОМИР НЕТКОВ<br>32/2022СТЕФАН ЏУГОВСКИ |
| ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ * МАКЕДОНИЈА ЕКСПИРИЕНС<br>33/2022ЈАНЕ ЈОСИФОВСКИ<br>34/2022 АЛЕКСАНДАР ЈОСИФОВСКИ<br>35/2022СТРЕЗО КАЛАЈЏИЕВСКИ<br>36/2022 ЏАНИ ДИМОВСКИ | ВОДИЧ АТВ * ММ РЕНТ<br>37/2022 НАУМЧЕ НЕСТОРОСКИ<br>38/2022 ПЕЦЕ СЕРАФИМОСКИ<br>39/2022 ЛЕОНИД ЏАЈКОСКИ<br>40/2022 СТОЈЧЕ ЏАЈКОСКИ | ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ * МАКЕДОНИЈА ЕКСПИРИЕНС<br>41/2022 МАРКО БЕКРИЌ<br>42/2022 СЛОБОДАН ХАЏИ-ИЛИЕВ |
| ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ * ТРАВЕЛ ФОР ЈУ<br>(43/2022 ВИКТОР СТРАХИЛОВ) | ВОДИЧ Т.А. * КТМ ВОИЈАГЕ<br>44/2022 АЛЕКСАНДАР ПАНАЈОТОВ | ВОДИЧ ЏИП * АМК ЛИХНИД<br>45/2022 ДЕЈАН КОСТОЈЧИНОСКИ<br>46/2022 ДИМЧЕ ТРПЧЕСКИ<br>47/2022 НИКОЛА СТАНКОСКИ<br>48/2022 ОРЦЕ СТОЈАНОСКИ<br>49/2022 ПЕТАР КОЛЕСКИ<br>50/2022 СЛОБОДАН МАКСИМОВСКИ |
| ВОДИЧ АТВ * АТВ КРУЗ<br>51/2022 КЛИМЧО АНГЕЛОСКИ | ВОДИЧ ПЛАНИНАРЕЊЕ * ИНФИНИТИ<br>52/2022 САШО ГЕОРГИЕВ | ВОДИЧ ПЛАНИНАРЕЊЕ<br>53/2022 ЈОНЧЕ ИЛИЕВСКИ |

Соработката со водичите беше на очекувано ниво во поглед на информирањето во насока на зголемување / интересот за заштита на природниот ресурс. Понатамошен ангажман во врска соработката треба да претставува поголемото вклучување на водичите во систем кој би бил новина во работењето на ЈУНП Галичица во форма на неформални пара чувари/”пара ренџери” кои со нивната сатисфакција и интересот за природата како ареал при нивното деловно

присуство би дало опционо подобра почва за взаемно остварување на целите за заштита на паркот.

## Ултра маратон OHRID TRAIL 2022

На деновите 13 ,14 и 15 мај 2022 година наши вработени Александар Гугоски, Јовче Ристески, Тоше Сотироски со две тренски возила беа ангажирани како логистичари за одржувањето на УЛТРА МАРАТОНОТ (OHRID TRAIL 2022).
Активности за отворање на точката за промоција на НПГ Центар во центарот на Охрид
После Одлуката на Влада на Република Северна Македонија бр.41-837/1 од 15 ти март 2022 година и претходно потпишан договор помеѓу ЈУНП Галичица и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, (бр.03-828/1 од 15.12.2022 ЈУНПГ) (бр.03-1443/3 од 15.12.2022 НУ ЗЗСК Музеј -Охрид) за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавна Установа Национален парк Галичица Охрид , Република Северна Македонија- Унифициран репрезентативен мал монтажно демонтажен објект (димензии 480/360/320 цм. и чиста внатрешна висина од 240 цм. со површина од 16.91 м2) конструкција изведена од челични профили со стаклени портали- прозори и врати, внатрешноста на зидовите обложени со гипс картон во бела боја и под со ламинат, урбана опрема во функција на информативен пункт за туристичка понуда која е поставена на КП 15391 КО Охрид (3). Проценетата вредност на движната ствар е 1.150.000,00 ден. (милионстопедестилјадиденари) ЈУНП Галичица го презеде објектот кој е поставен во централното градско подрачје за кој имаше интенција да се врши промоција на паркот и субјектите кои вршат дејност на посети во паркот.
Беа извршени приклучувања на водоводна мрежа со одвод, беа поставени санитарии и беа извршени работи за поправки на електричната инсталација. Воедно беше набавен основен мебел за работа и престој на вршителите на работата. На екстериерот од објектот беше извршено поставување на рекламни содржини аплицирани на залепена ПВЦ фолија и светлечки реклами. Во објектот беа донесени мали ПВЦ штандови од субјектите кои вршат дејност во паркот на кои штандови беше предвидено да се врши промоција на активностите на субјектите кои вршат дејност во паркот.
Како така припремен со основни средства за вршење на промотивна работа беше на 09 јули и отворен за работа. Првично во центарот работеше Огнен Достиноски а од 16 август и Катерина Ничевска.
На дневна основа посетителите на центарот беа 90 % странски туристи . Истите имаа различен интерес за сознаниа за Националниот парк Галичица и понудата за атрактивности за градот Охрид .
Основниот интерес на посетителите беше како да го посетат НПГ , кои места се најатрактивни и цената за транспорт до одредена локација или пак начин на кој би користеле АТВ, Џип тура или параглајдинг или друга солуција на посета. На посетителите кои имаа интерес за одредена услуга им беше дистрибуиран рекламен материјал од субјектите кои имаа штандови и исто така по пат на телефонско јавување беа вршени одредени резервации при непосредна нивна вклученост во поглед на договарање на услугата.
За сознаниа околу интересот на посетителите се изработи анкета на која имаше ралични одговори во врска сознанието за Националниот парк Галичица. Воедно беше изработен и анкетен лист за резидентни жители на градот Охрид кој за во иднина треба да се искористи за сознаниа кои ќе важат за подигнување на квалитетот на услугите кои се вршат во НПГ и од ЈУНПГ.




АНКЕТА ПРИМЕРОК

Јавна Установа
Национален парк Галичица
Охрид
Тел. 00 389 46 261 473
www.galicica.org.mk
galicica@galicica.org.mk

2022

Public Institution
Galicica National park
Ohrid
Tel. 00 389 46 261 473
www.galicica.org.mk
galicica@galicica.org.mk

Оделение за алтернативни активности и еколошка едукација (АА иЕЕ)

Department of Alternative Activities and Environmental education (AA and EE)

Извод на нотификација од активности на промоција на Инфо Точка Центар дата: 05.09 / 06.09 лице: Нишеска Катерина

| Издаден Промотивен Материјал | НП Галичица /броја | Субјекти-Меморандуми/ броја | Побарано од посетители | Потекло на посетители | Забелешка/друго |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | Карта на НПГ | Албанија | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| 2 летоци | | | | | |
| разгледници | ✓ | | Германија | Корита | |
| стара мапа | ✓ | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | АТВ | Охрид | |
| 3 летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| 4 летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | АТВ | Полска | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| 5 летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | планински чај | Бугарија | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |

Извод на нотификација од активности на промоција на Инфо Точка Центар дата: 06.09.2022 / 07.08 лице: Нишеска Катерина

| Издаден Промотивен Материјал | НП Галичица /броја | Субјекти-Меморандуми/ броја | Побарано од посетители | Потекло на посетители | Забелешка/друго |
|---|---|---|---|---|---|
| летоци | ✓ | | Лошо обележана патека | | |
| разгледници | ✓ | | нема знаци | Полска | |
| стара мапа | | | меѓу [illegible] | | |
| ........ | | | и [illegible] ден | | |
| ........ | | | полно [illegible] | | |
| ........ | | | | | |
| летоци | ✓ | | Атракции во НПГ | Турција | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | ✓ | | | | |
| летоци | | | Карта на НПГ | Франција | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | ✓ | | | | |
| летоци | ✓ | | Атракции во НПГ | Англија | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | [illegible] | Струга | |
| летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | Кајаци | Германија | |
| летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | Св Наум | Србија | |
| летоци | ✓ | | | | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| летоци | ✓ | | Магаре | Србија | |
| разгледници | ✓ | | | | |
| стара мапа | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |
| ........ | | | | | |

## АНАЛИЗА ЗА ПОСЕТИТЕ

Тековната 2022 година беше година на зголемено присуство на посетители од претходната 2021 година , подобра секако во поглед на посетеноста но не на очекуваното ниво за година која требаше да се доближи до 2019 та година или да ја надмини.

Недостатокот на странски туристи кој се должи на ново настанатата криза во светот се одрази во посетеноста на паркот посебно евидентно на наплатното место кај Изворите во Свети Наум.
Друга негативна експлицитност се одрази и непотпишаните договори со субјектот Острово БДБ кој вршеше превоз на посетители низ изворите во Свети Наум.
Од друга страна со позитивен импакт беше зголемувањето на посетеноста на посетители низ планинскиот дел од паркот што последователно значи можност за дополнителни вложувања во адекватен персонал и инфраструктура.
Како нешто кое значајно понатака ќе придонесува за подобар престој на посетителите во паркот е асфалтирањето на дел од патниот правец Дервен Трпејца. За истиот во текот на претходниот период од 2014 та година од кога ЈУНП Галичица има воспоставено систем за наплата на влезници имавме многу поплаки во однос на истиот и барања од посетителите да се среди со асфалтирање патот иако ќе напоменеме дека патот не е во надлежност на ЈУНП Галичица. Оваа поправка/ асфалтирање како инфраструктурно средување на патот во иднина ќе допринесе и за поголема посетеност на паркот.
Отворањето на точката за промоција во центарот на градот Охрид секако допринесе и ќе допринесува за информирање на посетителите на градот Охрид и дистрибуција на промотивен материјал во врска со можностите за посета на НП Галичица.

## КОНТРОЛНО НАПЛАТНИ ВЛЕЗНИ ТОЧКИ

Влезна точка ДЕРВЕН/БАБА
На влезната точка ДЕРВЕН/БАБА работеа вкупно две лица Пере Бешироски и Славчо Танески повремено во тек на викендите за м.в. БАБА уште едно лице Александар Гугоски. Протокот кој се забележи на овие места беше воглавно од посетители кои транзитираа низ Галичица со свој автомобил, апроксимативно како дел за Магаро од околу 10 % и дел од околу 10 % за планинскиот дел од паркот. Значаен процент на влез се должи и на параглајдеристите. Прометот гледано од финасиски аспект беше околу 1 400 000 денари .

Влезна точка ЦАРИНА
На влезната точка Царина работеше едно лице Ацо Крстевски . Протокот кој се забележи на ова место беше воглавно од посетители кои транзитираа низ Галичица со свој автомобил.
Финасискиот резултат беше околу 600 000 денари .

## ГОЛЕМ ГРАД

За островот Голем Град тековната 2022 година немавме наплатна служба. Истото се вршеше по пат на пријавување од најчесто фирмата и туристичка агенција ЛАЛЕ ДООЕЛ. Во мал обем имаше посета на Островот Голем Град и во организација на Т.А. ФИБУЛА.

## СНИМАЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ФИЛМОВИ / РЕКЛАМИ

Во тек на 2022 година имавме пријави и реализација за 3 дневни различни делумно филмски снимања за рекламни потреби.

## ИНФРАСТРУКТУРА

Како значаен сегмент од техничката опременост на објектите претставуваше опремувањето на куќата Асангура со соларен систем за електрично напојување. Истото се изврши во месец мај 2022 година. На кровот од куќата се постави дел од системот од 8 (осум) колектори /панели за

соларна енергија . Во горниот спрат од куќата се монтира дополнителната опрема за работа и напојување со електрична енергија и тоа:
Сет елементи :
8 соларни панели од 280 w со елементи за под конструкција ,
двојадрен соларен кабел 6мм. со
2 контролери за полнење 40 A,
8 соларни акумулатори 6V/240Ah со длабоко полнење,
1 инвертер 24 V /4000 w чист синус,
Приклучни клеми и штрафовски елементи за монтажа на сетот,





Извори Свети Наум
Во текот на 2022 година повеќе пати беше извршено чистење на отпадни дрвја кои беа во водата кај Изворите Свети Наум. Истите беа пречка за непречено разминување на кајчињата кои вршат превоз на посетители низ Изворите и езерцето кое го формираат.
Изработени табли во врска информации околу ценовникот за влезни билети







За влезните места односно наплатните точки беа изработени 10 подвижни табли со ценовник на влезните билети, со текстуален дел на Англиски и Македонски јазик.

## Подготовка на проектна апликација за Одделение и спроведување на Проект

Согласно Програмата за заштита на природата за 2022 година, меѓу другото, беше предвидено секое одделение од Јавната установа Национален Парк Галичица да подготви проектна апликација. Во таа смисла, во текот на 2022 година беше подготвена апликација на објавен повик од страна на УНЕСКО и Добротворната организација абрдн од Ирска. Имено, во март 2022

година, Регионалното биро за наука и култура на УНЕСКО во Европа и abrdn добротворната фондација објавија 3-годишно партнерство кое вклучува договор за финансирање проекти од локалитети запишани на листата на УНЕСКО (биосферни резервати, глобални геопаркови и локации на природно светско наследство). Тие имаат за цел да промовираат одржливост преку истражување, образование и иновативни решенија за предизвиците на животната средина и климатските промени. Во мај, интердисциплинарниот проект на ова партнерство, „Промовирање на одржлив развој преку програмите и локациите на УНЕСКО", ја помина својата прва важна пресвртница: 5 одредени локации на УНЕСКО беа избрани од 25 апликации од повеќе од 20 земји за првиот циклус на проектот. Еден од одобрените проекти е и „Извори Св. Наум – Инвентаризација на биолошки карактеристики и екосистемски услуги (SN_BESI)" поднесен од страна на Јавната установа Национален парк Галичица Охрид. Имено, единствено Галичица е истовремено биосферен резерват и регион на природно и културно наследство на УНЕСКО од сите одобрени проекти.

Во рамките на оваа активност ќе се:

Спроведат истражувања и попис (инвентар) на водната флора и фауна на изворите Свети Наум – најнови информации согласно меѓународно прифатена методологија.

Проценат видовите и живеалиштата според релевантните директиви (Европските директиви за видови и живеалишта, Европската директива за инвазивни и ненативни видови итн.)

Развијат еколошки едукативни пакети кои ќе се користат во Свети Наум за едуцирање на различни целни групи за вредноста на самото место и биолошките, еколошките и културолошките карактеристики.

Спроведе проценка на состојбата на екосистемите и екосистемските услуги преку интегративен метод на оценување.

Сите резултати и алатки кои ќе бидат развиени во рамки на имплементацијата на овој 10 месечен проект ќе бидат интегрирани во стратешките документи на Јавната установа Национален парк Галичица. УНЕСКО од друга страна ќе работи заедно со избраните локации за да обезбеди резултатите да се вклопат во приоритетните области на научните програми на УНЕСКО: Програмата за човекот и биосферата (МАВ), Меѓувладината хидролошка програма (IHP) и Меѓувладината океанографска комисија на УНЕСКО (IOK).

Сите активности кои беа поддржани со овој проект се дел од Планот за управување со НПГ 2021-2030 година, но не сите од нив се планирани за оваа година. Некои од нив според извршената приоретизација се предвидени да бидат извршени во текот на наредните години. Но, потребата од нови информации и алатка наметната од потребата од подготовка на Посебен План за управување со Св. Наум ја мотивираа ЈУНПГ да ги вклучи во овој проект.

Во текот на август 2022 беа спроведени активности за инвенторизација на видовите на макрофитска вегетација, ихтиофауна, бентални алги, зоопланктон, фитопланктон, како и основни физички и хемиски параметри на водата од изворите и нејзина микробиолошка анализа. Во текот на октомври 2022 година беше спроведена есенската кампања за спроведување на истражувањата, а официјалниот Извештај од овие истражувања ќе биде подготвен и споделен со јавноста на почетокот на наредната година (во тек на јануари 2023 година).

Во рамките на овој проект исто така во текот на втората половина на 2022 беше подготвен Извештаиј за досегашната состојба на изворите Св. Наум (Baseline Study) како и почеток на активностите за детерминација на екосистемите, одредување на нивната состојба и одредување на состојбата на екосистемските услуги согласно MAES и CICES методологијата.

Резултатите од овој проект се споделуваат со јавноста преку официјалната веб страна на истиотЧ www.sn-besi.com, но истите секако ќе бидат споделени и со релевантните институции и ќе бидат објавени на официјалните веб страни и социјални медиуми на ЈУНПГ.

## Екосистемски услуги

Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – излезна фаза е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) , координирана од Фармахем, која има за цел да ѝ помогне на државата во зачувување на нејзините уникатни екосистеми и биолошката разновидност, преку промоција на нивно одржливо управување и користење.
Една од потцелите на Програмата, која се спроведува во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Македонското еколошко друштво, е развој и спроведување на шема за плаќање на екосистемски услуги. Дел од активностите за остварување на оваа потцел се однесуваат на јакнење на капацитетите на заинтересираните страни за концептот за екосистеми и екосистемски услуги. За таа цел на оваа програма беше земено активно учество во текот на 2022 година со присуство на сите модули, освен последниот и се добија доволно информации за спроведување на интегрално оценување на екосистемите и екосистемските услуги кое ќе биде спроведено во рамки на Проектот од Одделение 2.

## Подготовка на Тарифник

Во рамките на организираните состаноци од страна на Фармахем и МЖСПП за обуки за екосистемски услуги беше иницирана идеја за подготовка на нов, ажуриран Тарифник за наплата на услуги кој ќе биде изработен од сите национални паркови заедно и во комуникација со МЖСПП ќе биде доставен до Владата.
За таа цел беа организирани неколку состаноци во текот на 2022 година на која се подготвуваше работната верзија на овој Тарифник и беше формирана Работна група за подготовка на Предлог Тарифник за наплата на надоместоци за екосистемски услуги во Националните паркови. Во рамки на подготвителните активности за изработка на овој документ беа организирани повеќе состаноци со релевантни институции, како и посети на други заштитени подрачја за размена на искуства и за добивање информации кои би помогнале во имплементацијата на истиот и во Македонија. Во таа смисла беше организирана посетата од Шар Планина на Копаоник и кажа дека од таму добиле значително корисни информации и дека дел од нив можат да се применат и кај нас, но не сите. Имено, во Србија наплатата на ваквите надоместоци е решена со Законот за облигациони односи и оди многу поедноставно и полесно. Таа предложи дека би било добро да се организира состанок (еднодневен или дводневен) со претставникот од Копаоник за да може тој да ни презентира на сите добри искуства кои би можеле да ги употребиме и кај нас.
Во рамките на оваа активност беа организирани состаноци и со ЕСМ, Агенција за пасишта, Водостопанство на Македонија и други институции.

## Активности за еколошка едукација спроведени во текот на 2022 година

Еколошката едукација е составен дел од управувањето на Јавната Установа Национален парк Галичица. Во 2020 година беше креирана и нова петгодишна Стратегија за еколошка едукација на НПГ за периодот (2021 – 2025 година), во која подетално се разработени визијата, мисијата и стратешките цели на Стратегијата за еколошка едукација, нејзините приоритети, како и акционен план за нејзино спроведување.

Процесот на еколошка едукација е долгорочен, но со реализација на постојани едукативни активности ја подигаме „човековата свест“ и поттикнуваме „размислување за подобрување на моменталната состојба“.
Еколошката едукација треба да биде составен дел од нашиот секојдневен живот, без оглед на тоа дали ќе биде формално образование во различни образовни институции или неформално образование како семинари, работилници, стручни курсеви и сл.
Националниот парк Галичица спроведе голем број на работилници наменети за деца од предучилишна и училишна возраст, каде беа опфатени различни тематски содржини, а во најголем број случаеви беа презентирани природните и културните вредности во Националниот парк Галичица.
Во текот на оваа година работилниците ги реализираме во договор со наставниците, професорите и самите училишта, а во текот на летниот период со различни организации, како Сојуз на извидници и други невладини организации кои поддржуваат развој на еколошка едукација и голем број на деца рекреативци, планинари кои сакаа да го надополнат летниот распуст со други активности.
Во текот на 2022 година оддбележани беа позначајни денови и беа оддржани следните работлници: „Направи промена за здрава животна средина“, „Свет без мочуришта е свет без вода“, „Природните и културните вредности во НП галичица“, „Цицачите во НП Галичица“, „Заштита на животната средина“, „Водоземци и влекачи во Национален парк Галичица“, „Камп Earth Tribe – Семејство за заштита на Планетата Земја“, заедно со СИМ, „Убавините на Национален парк Галичица“, „Запознајте го НП Галичица“, „Истражување во природа со примена на методи од WWF Србија“, „Национален парк Галичица и Национален парк Пелистер“, „Пештерите и лилјаците во НП Галичица“, „Заштитени подрачја и екосистемски услуги“, „Поврзаност меѓу природата и традицијата“, „Leave no trace“- Работилница со Експлорер и Пирустија Неданоски, „Leave no trace“ - Работилница со Експлорер и Еко свест, „Запознавање со природните и културните вредности на НП Галичица, работа на ренџерската служба и туристички дејности“, „Соработка помеѓу НП Галичица, НП Пелистер и ПП „Езерани“, „Meet the nature“ – Работилница со студенти од Германија преку Еразмус програма по повод оддбележување на Годишнина на ЈУНПГ.














ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО
PRESPA LAKE
ОСТРОВ
ГОЛЕМ ГРАД
ISLAND OF GOLEM GRAD











Оваа година беа потпишани и меморандуми за соработка со две значајни организации кои беа вклучени во делот со еколошка едукација, како што се  Истражувачко друштво на студенти биолози при Институт за биологија – Скопје и Сојуз на извидници на Македонија. Овие две организации се вклучија во развојот на еколошката едукација во ЈУНП Галичица и беа реализирани низа работилници.





Националниот парк Галичица постојано вложува во јакнење на капацитетите на вработените, па оваа година соработникот за еколошка едукација Тасеска Ангела, беше дел од обуката „Мрежа на училишта во заштитени подрачја“, која се оддржа во Златар, Србија, спроведена од WWF - Србија, наменета за едукација на деца во природа, а се здоби и со сертификат за успешно спроведената обука.





Промоцијата на Националниот парк Галичица за активностите кои се спроведуваа во текот на оваа година и развојот на еколошката едукација беше поддржана со голема медиумска покриеност.








ШАТОРЧЕ IX - Јули 2022.pdf -
drive.google.com
ШАТО... .pdf
Sign In

# ПРИЈАТЕЛИ НА ИЗВИДНИЦИТЕ

**Ајде да навлеземе уште подлабоко во светот на екологијата! Денес, на наше огромно задоволство разговараме со Ангела Тасеска, соработник за еколошка едукација во НП Галичица.**

Драги извидници и љубители на природата, моето име е Ангела, родена во градот Струга, дипломиран биолог, истражувач од областа на ентомологијата, вработена во Национален Парк Галичица како Соработник за Еколошка едукација. Љубовта кон природата ја носам уште од најрана возраст, иако живеам во град покрај езеро, секогаш слободното време сме го користеле за престој на планина, наместо да поминеме цел ден на некоја плажа. Професијата кон која се определив со текот на годините уште повеќе ме мотивира да ја сакам природата и да придонесувам кон нејзина заштита. Имам среќа што моето секојдневие е постојано во допир со природата, особено во летниот период, кога теренската работа ни е приоритет и е од исклучително значење за нашето истражување. Посетуваме различни локалитети, вршиме мониторинг на одредени видови организми, прибираме податоци, колекционираме материјали и сл.

Навистина е привилегија да се работи како биолог, особено во заштитено подрачје како Национален Парк Галичица, кое постојано се стреми кон заштита на природата.

15

Во голема мера уживам во работата, секој момент го користам за организирање на некаков едукативен настан или работилница, наменета пред се за деца од училишна возраст.

Процесот на еколошка едукација е долгорочен, но со реализација на постојани едукативни активности ја подигаме „човековата свест" и поттикнуваме „размислување за подобрување на моменталната состојба".

Еколошката едукација треба да биде составен дел од нашиот секојдневен живот, без оглед на тоа дали ќе биде формалното образование во различни образовни инсти... как семинари, работилници, струч... едукација ја создава платформата која ги ... животната средина околу нас. Ова е неопходн... на животната средина, затоа што само знаењето за биоди... природни вредности, ќе

Page 15 / 28




Главен фокус на еколошката едукација беше ставен и преку низа постови кои беа реализирани на социјалните мрежи , како фејсбук и инстаграм страната на Национален парк Галичица .












Документарниот филм за еколошката едукација во Национален парк Галичица , кој беше подготвен во соработка со Еко-свест, беше уште еден доказ за нашиот голем напредок во текот на оваа година. Во дукументарецот беше претставена работата на паркот од страна на лицето за еколошка едукација, Тасеска Англа и начинот како се спроведуваат самите работилници. Краткото видео е со времетраење од 10-тина минути.





И покрај големиот број на релизирани едукативни активности, не можеме да го заобиколиме фактот дека локалното население не е доволно запознаено со работењето на паркот и со неговите клучни карактеристики и активности кои што се реализираат на териотрија на НП Галичица. Сето ова ни беше поттик за организирање посебен настан, односно организирање Отворен ден во НП

Галичица под наслов „Национален парк Галичица и пријателите поблиску до вас“. Настанот се оддржа на 25 -ти мај по повод „Европски ден на Националените паркови“. На настанот беа претставени природните и културните вредности на паркот, присутни беа единаесет организации кои се туристички даватели на услуги, беше презентирана традиционалната храна од охридско-преспанскиот регион од страна на Пирустија Неданоски и Рурални жени од Преспа, со цел меѓусебно запознавање, размена на идеи, искуство и слично. Овој тип на настан е предвидено да постане една традиција и да се организира секоја година.







## Одделение за оддржливо користење на природните ресурси

### Сеча во сопствена режија

Веќе трета година овој сектор нема активности во однос на сеча во сопствена режија за снабдување на населението со огревно дрво.

Исто така заради не сечење во сопствена режија не се пристапи кон активности за давање на огревно дрво на физички лица во Државна шума. Ова од причина што ваков начин на снабдување на населението со огревно дрво може да се изведе само во пододдел во кој се работело и пододдел које предвиден за ресурекција. Она што е останато од предходните години за ваков начин на снабдување со огревно дрво е на многу недостапни места.

Ова одделение во 2022 година веќе втора година изведува активности за остранување на инвазивните видови дрва, шумски кулутри и тоа во пододделите 20а и 44а . Овие два пододдели беа дадени на тендер по принципот цена на корен на “Виена комерц“.

Според “Посебен план за одледување и заштита на шумите“ кој е со важност до оваа година пододдел 20а дозволува сеча на 880 м$^3$ , а 44а 620 м$^3$ или вкупно 1500 м$^3$ .

Сеча на дрвни видови по пододдели во 2022 година

| Дрвен вид | Пододдел/количина во м$^3$ | |
|---|---|---|
| | 20а | 44а |
| Црн Бор | 25 | 100 |
| Бел Бор | 10 | 26 |
| Вајмутов | 212 | 0 |
| Дуглазија | 15 | 26 |
| **Вкупно** | 262 | 152 |

Сеча на дрвните видови по години и подооддели:

| Дрвен вид | 2021 година | | 2022 година | | 2021/2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пододдел | | Пододдел | | Пододдел | Пододдел |
| | 20 а | 44а | 20а | 44а | 20а | 44а |
| Црн бор | 200 | 88 | 25 | 100 | 225 | 188 |
| Бел бор | 115 | 24 | 10 | 26 | 125 | 50 |
| Вајмутов | 200 | 0 | 212 | 0 | 412 | 0 |
| Дуглазија | 50 | 153 | 15 | 26 | 65 | 179 |
| | 565 | 265 | 262 | 152 | 827 | 417 |
| | 830 | | 414 | | 1244 | |

Коментар: Според “Посебен план за одгледување и заштита на шумите“ кој е со важност до оваа година во двата пододдели предвидени за сеча се 1380 м$^{3.}$ Вкупно во 2021 и 2022 година се пресечени 1244 м$^3$ . Со тоа етатот во овие два пододдели е исцрпен**.**

## Маркирање во имот во приватна сопственсот

До моментот на изготвување на извештајот примени се 63 барање за маркирање во приватен имот. Во овој момент сите се раелизирани комплетно: маркирано, пресечено и подигнати се дрвата од приватните имоти.

## Заштита

После напуштањето на праксата за сеча на огревно дрво ангажираните вработени во ова одделение повеќе се посветија на непосредната заштита. Во 2022 година се направени следните записници:

### Бесправна сеча

Поднесени се 10 записници од кои 8 против непознат сторител. Два записници се поднесени на лицето Ило Стојаноски од кого во првиот наврат одземено е возило и пресечената количина на огревно дрво. Во вториот наврат одземено се дрвата како и моторна пила. Во двата случаи активностите се одвиваа со помош на Шумска Полиција – ПС Охрид кои поднесоа соодветни пријави против сторителот.

### Узурпација-бесправна градба

Направени се вкупно 19 записници од кои:

- 11 за бесправна градба
- 3 за узурпација на државно земјиште
- 5 за узурпација со беасправна градба

За други незакокнски активности направени се два записници од кои:

- Диви кампери во м.в. Рајца с.Љубаништа
- Записник за "Острово БДП – ДООЕЛ"за користење на сплавови во извориштето во Св.Наум кои се во зона за строга заштита

Во 2022 година ЈУНП Галичица доби Решение за одобрување на ловење на дивеч под заштиа и преземени мерки од Агенција за храна и ветеринарство(АХВ) во однос на појавата на африканската чума кај свињите донесено од МЗШВ бр.20-8629. Исто така до ЈУНП Галичица беше доставено решение од АХВ за контролни и заштитни мерки во однос на болеста африканска чума кај свињите бр. 10-2257/2.

Врз основа на овие решенија ЈУНП Галичица во соработка со Ловно Друштво Охрид од Охрид почна да презема активности. Од страна на ЈУНП Галичица беше донесена Одлука за ловни денови ( календар за ловни денови) бр.02-689/1 од 26.10 2022 година. Овие активности ќе продолжат и во 2023 година.

## Одделение за правни, економски и општи работи

Во текот на 2022 година беа извршени повеќе активности од страна на Одделението за правни, економски и општи активности, во согласност со Програмата за заштита на природата за 2022 година и Планот за управување на НП Галичица 2021-2030.

Табелата подолу ги прикажува извршените активности во текот на оваа година.

| Активност | ОПИС на Активности |
|---|---|
| ПРГ 4.3. ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ | Владата на Република Северна Македонија на својата сто и седумнаесетта седница, одржана на 2 ноември 2021 година со заклучок и укажа на Јавната установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ) да изработи Посебен план за управување со комплексот Свети Наум (ППУ) и истиот да го достави до Владата на РСМ до 1ви мај 2022 година. Ова укажување е во согласност со активностите определени со Планот за управување со Национален парк Галичица за периодот 2021-2030 и тоа: (1) Популациски истражувања и заштита на извориштето Св. Наум од Програмата 1 и (2) Одредување на капацитет на носивост/издржливост на локалитетот Св. Наум од Програмата 4.<br>Во текот на јуни 2022 година беше подготвена работна верзија на Посебниот план за управување со комплексот и истата бешше доставена до Владата на РСМ и надлежните министерства (министерство за животна средина и просторно планирање и министертво за култура). Посебниот план за управување е подготвен од страна на вработени во ЈУНПГ и членовите на потесниот тим, претставници од Завод и Музеј – Охрид, врз основа на широк процес на консултации за да се обезбеди консензус и сопственост на Планот од сите релевантни чинители.<br>Иако Законот за заштита на природата не предвидува можност за дополнителна изработка и донесување на Планови за управување за одделни локалитети, при неговото изготвување се следеше Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитени подрачја и содржината на годишните програми за заштита на природата („Службен Весник на Р.М.“ бр. 26/12 година) кој обезбеди соодветна рамка за развој на Посебен план за управување со комплексот Св. Наум. Дополнително, имајќи предвид дека локалитетот целосно припаѓа на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, се следеа и препораките на Практичниот водич за планови за управување со локалитети на светско наследство. Генералните водечки принципи и оперативни програми се определени со Планот за управување со НПГ за периодот 2021-2030 година и Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, кои се основа за овој Посебен План за управување (ППУ). ППУ ги прецизира мерките и активностите за да се обезбеди интегрално управување. Во неговата изработка беа бидат вклучени |

| | |
|---|---|
| | сите засегнати и заинтересирани страни присутни во локалитетот со цел да се обезбеди ефикасна и ефективна спроведливост.<br>По укажувања од страна на Владата на РСМ, материјалот беше прикачен на порталот на е-влада и започна процедурата дефинирана и определена за овој систем на е-влада. Во текот на месец октомври истиот беше разгледан и на седница на Комисијата за управување со Охридскиот регион на УНЕСКО. Од страна на Комисијата за УНЕСКО беше формирана работа група со цел да се подготви мислење со забелешки за посебниот ППУ и истото беше доставено до ЈУНПГ.<br>Мислења со забелешки во врска со работниот документ беа добиени од страна на МЖСПП и Министерството за култура.<br>Во текот на 2022 година немаше измени на Правилникот за систематизација на работните места и организационата структура на установата остана непроменета. Во планот за вработување за 2022 година се предвиде вработување на едно лице на неопределено работно време, на местото на пензионирано/испразнето работно место – шумарски техничар. Согласност на планот за вработување е добиена од страна на Министерството за информатичко општество и аминистрација и се чека согласност од Министерството за финансии.<br>Во согласност со Правилникот за систематизација на работните места се подготви План за вработување за 2023 година, за четири слободни работни места, и тоа; архивар-секретар, чувар во заштитано подрачје (чувар на паркот), соработник за еколошка едукација и соработник за живеалишта и видови. Причината за пополнување на наведените работни места е поради потребата за непречено одвивање на работниот процес и работните задачи. Сите наведени работни места се веќе години наназад пополнети со лица ангажирани на определено работно време и потребата за постојано вработување е неопходна за ефикасно реализирање на работните задачи и успешно одвивање на работниот процес.<br>Во текот на 2022 година се продолжи со примена на Правилникот за комуникација и процедури, кој беше усвоен од страна на Управниот Одбор на ЈУНПГ во 2019 година. И покрај јасно напишани процедури за работните процеси и насоки за подобрување на интерната и екстерната комуникацијата во установата и ефикасноста на работењето, сепак во пракса се појавија прашања и проблеми кои не беа земени предвид при изработката на овој правилник. Во таа насока се појави потреба од негово надоградување и дополнување кое треба да се направи во периодот што следи. |

| | |
|---|---|
| **ПРГ 4.2. ОБУКИ** | Согласно законот за административни службеници подготвени беа образци за оценување на административните службеници во кои се предвидени и наведени по 5 задолжителни обуки кои вработените, административни службеници, согласно работното место и потребните работни компетенции ќе треба да ги посетат. Но за жал, министерството за информатичко општество и администрација, кое беше задолжено да ги спроведе овие обуки, не беше во можност истите да ги организира и реализира.<br>Во текот на 2022 година се реализира „Обука за заштита на личните податоци“, на која беа опфатени новините од областа на заштита на личните податоци, односно новиот Закон за заштита на личните податоци, како и подзаконските акти кои ги донесе Агенцијата.<br>На обуката присуствуваше лицето определено за офицер за заштита на личните податоци во ЈУНПГ и со оваа обука се изврши надоградување на познавањата од оваа област.<br>Исто така, во месец октомври, лицето определено за јавни набавки присуствуваше на обука за јавните набавки организирана од Бирото за јавни набавки, за потребите за ресертификација на договорните органи. |

| | |
|---|---|
| **ПРГ 4.3. Развој на стратешки планови, документи и проектни предлози** | Во текот на 2022 година се продолжи со спроведување на Договорот за соработка со Фондот за природа (PONT) за период од три години 2021-2023. Тесната соработка со установата продолжи со ист интензитет и оваа година, што е доказ за восопставената доверба и намера да се продолжи соработката.<br>ЈУНПГ во текот на 2022 година го споведуваше Планот за управување со НПГ 2021-2030 година. Планот за управување со НПГ 2021-2030 е суштински и неопходен плански документ за работењето и управувањето со установата. Во него се наоѓаат определени највисоките вредности кои ги поседува паркот и можностите и начините истите да се заштитат. Тој претставува основен водич при реализација на основната цел на установата, а тоа е управување и заштита на целото заштитено подрачје.<br>Во текот на 2022 година беше одобрен проект за „Извори Св. Наум – Инвентаризација на биолошки карактеристики и екосистемски услуги (SN_BESI)“. Во март 2022 година, Регионалното биро за наука и култура на УНЕСКО во Европа и abrdn добротворната фондација објавија 3-годишно партнерство кое вклучува договор за финансирање проекти од локалитети запишани на листата на УНЕСКО (биосферни резервати, глобални геопаркови и локации на природно светско наследство). Еден од одобрените проекти е и „Извори Св. Наум – Инвентаризација на биолошки карактеристики и екосистемски услуги (SN_BESI)“ поднесен од страна на Јавната установа Национален парк Галичица Охрид. Имено, единствено Галичица е истовремено биосферен резерват и регион на природно и културно наследство на УНЕСКО од сите одобрени проекти.  Овој Проект започна да се реализира во Август 2022 и ќе трае 10 месеци (т.е. до Мај 2023 година), а резултатите од истиот ќе бидат интегрирани во ППУ.<br>Главната цел е: Да се добијат нови, релевантни и точни податоци за состојбата на природното наследство во локалитетот Свети Наум и зголемување на јавната свест преку еколошка едукација и мапирање на екосистемските услуги. Тоа ќе биде постигнато преку:<br>• Анализа на состојбата на природните вредности во локалитетот Свети Наум преку попис на видовите и анализа на физичко-хемиските и микробиолошките карактеристики на водата.<br>• Проценка на видовите и живеалиштата според релевантните директиви и определување на нивото на ендемизам.<br>• Проценка на состојбата на екосистемите и креирање на веб базирана алатка |

| | |
|---|---|
| | за оценка на екосистемските услуги и донесување на одлуки поврзани со нивното користење (недостаток бр. 6 од оваа листа).<br>• Зголемување на јавната свест преку организирање кампањи со прилагодени кампањи за едукација за животната средина.<br>Апликација на проект на повикот за меѓугранична соработка ИПА 2 Македонија и Албанија, во соработка со други партнери е сеуште активна.<br>Соработка со Твининг проектот: Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата сеуште трае.<br>Барањето да се донесе Просторен план за НПГ е сеуште активно. Се надеваме дека во подобри времиња ќе се преземат активности за негово донесување.<br>Исто така, во месец октомври се пристапи кон подготвување на апликација за проект од облата на управување со шумските екосистеми, финансиран од шпанска амбасада. |
| **ПРГ 4.5. Соработка и партнерства-** | |

| | |
|---|---|
| Соработка со научно- образовни и стручни институции | Соработката со научно-образовни и стручни институции продолжува. Во текот на 2022 година остварена е континуираната соработка со Македонското еколошко друштво, Биоеко и национални невладини организации.<br>Соработката со МАНУ се официјализира со потпишување на Меморандум за соработка.<br>Соработката со Хидробиолошки завод Охрид продожи и во текот на 2022 година. Во проектот „Извори Св. Наум – Инвентаризација на биолошки карактеристики и екосистемски услуги (SN_BESI)“ вклучени се експерти, вработени во Хидробиолошки завод. |
| **ПРГ 4.5.** Соработка и партнерства со државни органи | Соработка со Бирото за Јавни набавки при спроведување на огласите за јавни набавки продолжува и во текот на 202 година.<br>Соработката со Владата на РСМ продолжува и оваа година. Во текот на 2022 година ЈУНПГ, согласно законските процедури, имаше повеќе активни предмети на системот е-влада и директорот и раководителот на одделението за правни,општи и економски работи присуствуваа на сите седници на кои беа поканети, во врка со точките на е-влада.<br>Соработка со МЖСПП во врска со договорите за донации и финасирање на ЈУНП Галичица со меѓународните организации и фондови продолжува да тече. Исто така, ЈУНПГ има свој претставник, член во Бернската конвенција, и под организација на МЖСПП беа одржани неколку состаноци со цел информирање на Владата на Република Северна Македонија по однос на препораките на Бернска конвенција, со Извештајот за реализирани активности во врска со посочените препораки и отворените случаи против Република Северна Македонија.<br>Инспекторатот за животна средина, кој врши надзор на работењето на установата во поглед на заштитата на природата, и оваа година оствари неколку инспекциски надзори врз установата. Забелешки од нивна страна немаше и комуникацијата и соработката со овој инспекторат е на високо ниво.<br>Оваа година, како резултат на блиската соработка со ЈП Охридски Комуналец, беше потпишан Меморандум за соработка, со кој се официјализира соработката. Со потпишување на овој меморандум двете страни се обврзуваат на понатамошно продлабочување на соработката и градење на капацитет за изработка на идни заеднички проекти и други поврзани активности од интерес на двете страни. |

| | |
|---|---|
| | Меморандум за соработка се потпиша и со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сектор за шумска полиција. Меморандумот означува почеток и вовед на активности кои ќе значат зголемување на активностите и капацитетите на двете страни заради заедничка контрола и заштита на шумскиот фонд на подрачјето на Национален парк Галичица.<br>Во месец јули 2022 година се одржа работен состанок со МВР Охрид, Гранична полиција, Шумска полиција и инспекторот по шумарство за потребата од организирани и координирани активности при справување со нелегалната сеча. Потребата од мешовите патроли се утврди како неопходна за поефикасно справување со овие недозволени активности.<br>Соработката со Општина Охрид, особено во поглед на барањата за мислење за легализација на објекти и пријавите кои ги поднесува ЈУНПГ за бесправно градење, продолжи со ист интензитет како и претходната година. |
| **ПРГ 4.5.** Соработка и партнерства- Соработка со граѓански организации и клубови | Соработка со Црвен крст Охрид се засили во текот на 2022 година. Охридскиот Црвен крст потпиша договор со Prespa Ohrid Nature Trust – PONT за финансиска поддршка за реализација на проектот „Заштита на пештерските екосистеми и загрозените растителни и животински видови во Националниот парк Галичица од негативните ефекти на климатските промени“.<br>Проектот, ќе се реализира во периодот од 2022 до 2024 година во партнерство со истражувачкото друштво „Урсус спелеос“, а корисник на резултати, покрај проектниот тим, ќе биде и Националниот парк Галичица. Лица од ЈУНПГ беа дел од студикста посета на Скочјанска јама во Словенија.<br>Се оствари соработка и се потпиша Меморандум за соработка со Здружението за истражување и заштита на пештери СПИРИДОН СПЕЛЕО Охрид, претставувано од Александар Булески. Предмет на овој меморандум е воспоставување на соработка помеѓу ЈУНП Галичица и Здружение СПИРИДОН СПЕЛЕО Охрид, со цел меѓусебна тесна координација, планирање и реализација на активности поврзани со спелеолошкото богатство. Познавањето и разбирањето на исклучително богатото природно наследство на Националниот парк Галичица, со посебен акцент на спелеолошкото богатство се од особено национално и меѓународно значење.<br>Меморандум за соработка се склучи и помеѓу ЈУНП Галичица и здружението ТРЕКС со цел успешна реализација на меѓународен спортски настан Охрид Ултра-Треил® во |

| | |
|---|---|
| | природа кој се одржува еднаш годишно во Националниот Парк Галичица и Охридскиот-Преспанско регион во Република Северна Македонија, со намера да прерасне во настан од светски ранг.<br>Во текот на месец јуни 2022 година Јавната установа Национален парк Галичица и Здружението за развој на планински велосипедизам ОХРАЈДЕ Охрид изразија подготовка да отпочнат соработка со прв чекор на потпишување на меморандум. Меморандумот означува почеток и вовед на активности кои ќе значат развој и оддржување на планинскиот велосипедизам на теририторија на Национален парк Галичица, а воедно ќе следи и промоција на регионот како нова дестинација на Балканот за планински велосипедизам.<br>Во повеќе наврати, состаноци се одржаа со месните заедници од с.Пештани, с.Рача, с.Коњско и с.Велестово. На состаноците претставниците на месните заедници ги презентираа проблемите со кои се соочуваат, а установата преземаше соодветни и дозволени дејствија и активности за да помогне во справување со проблемите и да се спречат недозволените активности.<br>Соработката со Алпинистичкиот клуб Патагонија продолжи. Во текот на месец јули 2022 година се отвори првата „Виа ферата“ за туристичка намена во Национален парк Галичица. Станува збор за безбедна патека за алпиниститчкото искачување на карпа со помагала. Фератата ја изработи Алпинистичкиот клуб „Патагонија“ Охрид со финансиска поддршка од ПОНТ и согласност од ЈУНПГ. |
| **ПРГ 4.5.** Соработка со туристички агенции и други субјекти | ЈУНП Галичица, како субјект кој управува со заштитено подрачје, склучува спогодба со вршители на дејност во заштитено подрачје - Национален парк Галичица. Со спогодбите се регулираат меѓусебните права и обврски со вршителите на дејност во паркот со што се подобрува заштитата на клучните вредности на Национален парк Галичица.<br>Потпишани се 16 спогодби со вршители на дејност во заштитено подрачје-Прошетка на посетители во Национален парк Галичица, со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св. Наум, кои беа испратени до Владата на Република Северна Македонија за добивање на согласност и согласноста е добиена.<br>Спогодби со вршителите на дејност во заштитено подрачје – Прошетка на посетители во Националниот парк Галичица со превозни средства АТВ – четириколки кои се склучија 2021 година продолжија и во текот на 2022 година. |

| | |
|---|---|
| | Во 2022 година ЈУНПГ не потпиша спогодба за вршење угостителска дејност на сплавови со Острово БДБ ДООЕЛ Охрид, и побара престанување со вршење дејност на сплавови и нивно отстранување, поради штетат која се нанесува на биолошката разновидност во изворите. Само дел беа отстранети а на дел сеуште се врши угостителска дејност.<br>Склучените меморандуми за соработка со туристички и други субјекти во текот на 2021 година продолжија и во оваа година.<br>Со потпишување на Меморандумите за соработка се формализира соработката на паркот со субјектите кои вршат активности и се овозможува развој и зајакнување на поддршката која субјектите ја даваат во функција на реализација на активностите и остварување на главната цел на ЈУНП Галичица – заштита и управување со природните вредности. |
| **ПРГ 4.5.** Соработка и партнерства со национални паркови и други национални субјекти | Во текот на 2022 година остварени се повеќе средби со другите национални паркови и заштитени подрачја.<br>Повеќе состаноци се одржаа со новопрогласениот Национален парк Шар Планина. Вработените во ЈУНПГ им ја дадоа потребната помош и поддршка на вработените во новиот парк. На состаноците се дискутираше за проблемите во управувањето и начините за нивно справување.<br>Состанок се одржа и со Национален парк Пелистер на кој вработените во ЈУНПГ имаа своја презентација. Комуникацијата со Националниот парк Маврово е постојана, согласно потребите и можностите за соработка.<br>Тесна соработка постои и со другите заштитени подрачја, посебно со Вевчанки извори. |
| **ПРГ 4.5.** Соработка и партнерства-Соработка со меѓународни национални паркови | ЈУНПГ во месец октомври беше посетена од директорот и 4 вработени во Скочјанска јама во Словенија. Установата има блиска соработка со заштитеното подрачје Скочјанска јама што е од заеднички интерес за двете страни.<br>ЈУНПГ ја продолжи соработката со субјектите кои управуваат со националните паркови кои се граничат со нашиот во Албанија (NAPA) и Грција (Management body od Prespa National park).<br>Исто така, ЈУНПГ има остварено соработка на полето на мониторингот со грчката невладина организација СПП, која соработка продолжи и во текот на 2022 година. |

| | |
|---|---|
| **ПРГ 4.8.** Одржување на објекти и инфраструктура | На 15 март 2022 година, со Одлука на Владата на РСМ досегашниот корисник Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид му престанува користењето на движната ствар - унифициран репрезентативен мал монтажно - демонтажен објект (димензии 480/360/320 цм. и чиста внатрешна висина од 240 цм. со површина од 16.91 м2), урбана опрема во функција на информативен пункт за туристичка понуда. Движната ствар од ована одлука се даде на трајно користење без надоместок на Јавната установа Национален парк Галичица Охрид, Република Северна Македонија. Со тоа се зголеми препознатливоста на паркот и се зголеми промоцијата на вредностите и активностите во паркот.<br>Здружение АСОЦИЈАЦИЈА ЗА АКТИВЕН ТУРИЗАМ – ЕКСПЛОРЕР 2018 Охрид претставувано од Димитри Димитров со договор се обврзува да му предаде на заедничко користење на ЈУНП Галичица и ЈП Охридски Комуналец контејнер кој здружението ЕКСПЛОРЕР 2018 го има добиено во рамките на проектот "Пријатели на Национален парк Галичица", финасиран од страна на Фондот за природа Преспа - Охрид (ПОНТ). Со овој Договор се дава право на корисниците – ЈУНП Галичица и ЈП Охридски Комуналец одговорно да го користи контејнерот во функција на целта за која е доделен – собирање на кабаст отпад од локации каде има проблем со собирање и транспорт на отпадот. |
| Изработка на тендерска документација и спроведување на постапките за јавни набавки. | При реализација на јавните набавки во целот се почитувани законските прописи, односно Законот за јавни набавки и правилниците. Тендерските документации беа квалитетно и навремено подготвени.<br>Во текот на 2022 година, согласно поставената временска рамка, се реализираше планот за јавни набавки. Бидејќи финансиските последици од корона пандемијата сеуште се присутни, планот за јавни набавки беше рестриктивно направен и предвидените јавни набавки успешно се реализираа. Од предвидени 13 јавни набавки, 12 се реализираа. |

| | |
|---|---|
| Администрација, работни односи и архива | Согласно Законот за административни службеници во текот на 2021 година е спроведена оценка на вработените во ЈУНП Галичица. Оценувањето е спроведено објективно и во насока на подобрување и укажување на потребата за зголемување на ефективноста и ефикасноста во реализацијата на работните задачи.<br>Се работеше на зголемување на мотивацијата и воспоставување пракса на ефикасно управување со човечките ресурси. Во иднина е потребно да се воспостават подобри практики согласно законската регулатива и меѓународни стандарди.<br>Реализирани се 8 (осум) вработувања на определено (сезонско) време.<br>Реализирани се 5 (пет) вработувања преку приватна агенција за привремени вработувања.<br>Архивското работење се вршеше согласно прописите за архивско работење и се постапи согласно препораките на Државен архив за архивското работење.<br>Во текот на 2021 година, преку приватна агенција за привремени вработувања се ангажира архивар-технички секретар, чие вработување беше потребно за подобрување на  ефикасноста на одделението за правни економски и општи работи и соодветно  распределување на работните задачи во одделението. Со пополнување на ова слободно работно место на определено време, се оствари пополнување на сите предвидени систематизирани работни места во одделението за правни економски и општи работи. |

## Подготовка на План за одржување

Во текот на првата половина на 2022 година беше пристапено кон подготовка на План за одржување на инфраструктурата и имотот на ЈУНПГ. Истиот беше изработен во согласност со предвидените активности за 2022 година, како и во согласност со предложените активности во спроведената МЕТТ оценка за 2021 година. Овој План за одржување се состои од наративен дел со кој се објаснува потребата за неговата подготовка, се дефинираат добрата кои се предмет на одржување, лицата кои се задолжени за одржување и фреквенцијата на потреба од активности за различни предмети. Покрај тоа, со овој План за одржување се предвидени и посебни формулари кои се пополнуваат од страна на одржувачот на доброто и се дефинира кој го прегледува и одобрува извештајот.

Со оглед на евидентираните непознаници во поглед на местото на наоѓање на одредени попишани движни, па и недвижни предмети во сопственост на ЈУНПГ, како и заради нецелосно подготвениот Попис на движни и недвижни ствари на ЈУНПГ, потребно е овој План за одржување да се ажурира во согласност со Пописот за 2022 година и тогаш ќе биде предаден на Одделението за правни, економски и општи работи за понатамошни активности.

## Информации од Јавен карактер

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019), Јавната установа Национален парк Галичица Охрид, во текот на периодот од јануари до октомври 2021 година прими вкупно 5 Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. На 5 од нив е одговорено во законски утврдениот рок и позитивно. До крајот на годината согласно искуството од претходните години не очекуваме Барања за пристап до информации од јавен карактер.

## ЛЕАП

На барање на Општина Охрид, ЈУНПГ назначи член на комисија за оценување на имплементацијата на Третиор локален еколошки акционен план на Општина Охрид. На седницата на Советот на Општина Охрид одржана на 30.08.2022 год. е донесена Одлука за формирање на координативно тело за оценување на имплементацијата на Трет локален еколошки акционен план на Општина Охрид. Се очекува закажување на состанокот на кој треба да се оцени имплементацијата на овој План до крајот на оваа година.